ПРОГРАМА ЗА ПАРЛАМЕНТАРНА ПОДДРШКА
PROGRAMI PËR MBËSHTETJE PARLAMENTARE
PARLIAMENT SUPPORT PROGRAMME

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

# Упатство за примена на Етичкиот кодекс за пратениците во Собранието на Република Северна Македонија



**Имплементирано од:**

NDI National Democratic Institute

IDSCS

Центар за Управување со Промени

ПРОГРАМА ЗА ПАРЛАМЕНТАРНА ПОДДРШКА
PROGRAMI PËR MBËSHTETJE PARLAMENTARE
PARLIAMENT SUPPORT PROGRAMME

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

## ИМПРЕСУМ:

Наслов: Упатство за примена на Етичкиот кодекс за пратениците во Собранието на Република Северна Македонија

Издавач: Центар за управување со промени (ЦУП)

За издавачот: Извршен директор на ЦУП Неда Малеска Сачмароска

Автор: Тимот на ЦУП

Уредник: Неда Малеска Сачмароска

Дизајн: Марко Данаиловски

Место и година на издавање: Скопје, 2023

NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

IDSCS

Центар за Управување со Промени

ПРОГРАМА ЗА ПАРЛАМЕНТАРНА ПОДДРШКА
PROGRAMI PËR MBËSHTETJE PARLAMENTARE
PARLIAMENT SUPPORT PROGRAMME

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

*Овој документ е изготвен од Центарот за управување со промени (ЦУП) во рамките на Програмата за парламентарна поддршка (ПСП), која е поддржана од Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) преку Швајцарска Амбасада во Република Северна Македонија. ПСП се спроведува од Националниот демократски институт (НДИ), Институт за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје (ИДСЦС) и Центарот за управување со промени (ЦУП). Содржината на документот на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на СДЦ.*

NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

IDSCS

Центар за Управување со Промени

ПРОГРАМА ЗА ПАРЛАМЕНТАРНА ПОДДРШКА
PROGRAMI PËR MBËSHTETJE PARLAMENTARE
PARLIAMENT SUPPORT PROGRAMME

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

## СОДРЖИНА:


1. ВОВЕД ..... 8

2. ОСНОВНИ ЕТИЧКИ ПРИНЦИПИ И ВРЕДНОСТИ ..... 10

3. ОЧЕКУВАНО ПОСТАПУВАЊЕ И ОДНЕСУВАЊЕ НА ПРАТЕНИЦИТЕ ..... 13

2.1 Професионално извршување на функцијата ..... 13

2.2 Однесување на пленарни седници и седници на работни тела ..... 14

2.3 Однесување со службите и останатите вработени во институциите ..... 17

2.4 Однесување на официјални настани на Собранието и настани надвор од законодавниот дом ..... 19

2.5 Пристојно облекување ..... 20

3. СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА ..... 21

3.1 Злоупотреба на функцијата и тргување со влијание ..... 21

3.2 Примање подароци и други придобивки ..... 22

3.2.1 Класификација на подароците ..... 24

3.2.2 Вреднување на подароците ..... 24

3.2.3 Пријавување и регистрација на подароци ..... 27

3.2.4 Случаи кога пратениците не треба да регистрираат подароци и други придобивки ..... 28

3.3 Вработување и пост-вработување ..... 32

3.3.1 Вработување на сопружници и блиски роднини на пратеници ..... 38

3.3.2 Регистрација на други приходи ..... 38

3.3.3 Ограничувања по завршување на пратеничка функција ..... 39

4. СУДИР НА ИНТЕРЕСИ ..... 41

4.1 Спречување на судир на интереси ..... 41

4.2 Интереси на пратеникот и членовите на семејството ..... 44

4.3 Изјава за судир на интереси ..... 45

4.4 Постапување во случај на судир на интереси ..... 47

4.5 Членство во органи на други субјекти и организации ..... 48

4.6 Лобирање ..... 48

4.6.1 Активности кои не се сметаат за лобирање ..... 49

4.6.2 Известување за остварени средби со лобисти ..... 50

4.6.3 Регистар на лобисти ..... 50


NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

IDSCS

Центар за управување со промени

5. ОТЧЕТНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ ....50
5.1 Отвореност кон граѓаните и медиумите ....50
5.2 Имот ....52
5.3 Други приходи ....53
5.4 Обврски и заеми....54
6. УПОТРЕБА НА ЈАВНИ СРЕДСТВА И ФОНДОВИ ....55
6.1 Вонпарламентарни активности ....55
6.2 Патувања ....56
6.3. Учество во кампања ....60
6.4. Однос кон средствата кои му се располагање....62
7. ДОВЕРЛИВО СОВЕТУВАЊЕ ....63
8. ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ПРИМЕНА НА ЕТИЧКИОТ КОДЕКС ЗА ПРАТЕНИЦИТЕ....64

# ПОИМНИК

**„Блиски лица“ -** се лица во брачна или вонбрачна заедница со службеното лице, роднини по крв во прва линија и странична линија до четврти степен, посвоителот или посвоеникот, роднините по сватовство заклучно со втор степен на однос, како и секое физичко или правно лице со кое службеното лице има приватен интерес.

**„Вредности“** - Основни верувања што луѓето ги имаат во однос на тоа што е правилно, пожелно и корисно, а кои ги одредуваат нашите постапки и интеракции со другите луѓе.

**„Владеење на правото“** - постоење на правен систем и структури во кои постојат јасни, прецизни и недвосмислени норми. Систем на норми кој ги штити слободите и правата на сите граѓани во една држава и заедничкиот систем на вредности, обезбедува примена на Уставот и на законите од страна на власта и органите на управување. Исто така, под поимот „владеење на правото“ се подразбира суштинска усогласеност на правните акти со помала правна сила со оние правни акти кои имаат поголема правна сила, како и целосно придржување на органите и поединците кон позитивното право.

**„Говор на омраза“** – изразување кое содржи пораки на омраза или нетрпеливост поради нечии лични карактеристики или припадност кон некоја расна, национална, етничка, верска или друга група. Говорот на омраза може да опфаќа и говор кој е насочен кон создавање омраза и нетрпеливост кон полот, родовата и сексуалната ориентација, образованието, менталната или телесната попреченост, возраста, семејната или брачната состојба, а се почесто овој поим опфаќа и нетрпеливост кон различно политичко или друго размислување, како и кон националното и општественото потекло. Говорот на омраза има за цел да изрази инфериорност на лице или на припадниците на одредена група и да се осуди, понижи и обезвредни личност или членови на групата.

**„Изјава за имотна состојба и интереси“**- изјава со детали за имотот, средствата и обврските на пратеник или носител на јавна функција и/или овластување, како и неговите/нејзините интереси и интересите на членовите на семејство, која обично се поднесува на почетокот на парламентарниот мандат согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите.

**„Деловник за работа“** – внатрешни пеоцедури за работа на Собранието при извршување на своите надлежности (на пример: како да се достави амандман, како да поставите прашање и сл.).

**„Дискриминација“** - секое разликување, исклучување или ограничување на едно лице поради поврзаност со друго лице или група врз која било дискриминаторска основа.

**„Дискриминаторска основа“** – основи за разликување, исклучување или ограничување врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

**„Донација“** - доброволна и безусловна помош во пари, добра и услуги која не создава директна корист за давателот, ниту обврска за враќање од страна на пратеникот - примател на донацијата и која може да биде дадена за цели од јавен интерес или за поддршка на активностите на пратеникот.

**„Добро управување“** - управување што е отчетно, транспарентно, одговорно, ефективно и ефикасно, правично и инклузивно и го следи владеењето на правото. Во ваквиот тип на однесување просторот за корупција е минимизиран, интересите на помалите и ранливите групи во општеството се земаат предвид при донесување на одлуките и постои широка и инклузивна свест за сегашните и идните потреби на општеството.

**„Други придобивки“** - случаи кога пратеникот учествува во активности организирани од други, а трошоците за негово учество, патување, сместување и престој се покриваат од страна на домаќинот или од трети лица.

**„Еднаквост“** - начело според кое сите луѓе се рамноправни, односно изедначени во уживањето и остварувањето на сите права и слободи.

**„Етика“** – филозофска дисциплина која го проучува моралот, неговото и засновање, цели и смисла, основните критериуми за морално вреднување и оценување на моралните намери и на човечкото постапување. Во смисла на деонтологија, етиката претставува збир на правила и стандарди за тоа што е добро или лошо во водењето и во одлучувањето. Етиката ги проучува внатрешните вредности кои се дел од организациската култура и ги обликува одлуките вклучувајќи ја социјалната одговорност со почит кон надворешната околина.

**„Етички дилеми“** - предизвикувачки ситуации во кои се бара избор од потенцијалните активности и постапки, кои иако можат да бидат корисни за личните интереси, можат да предизвикаат неповолни ситуации за другите или за пошироката заедница. Тоа се најчесто ситуации за кои не постои општ консензус за тоа што е правилно, а што не.

**„Етички кодекс “** - пишан документ во кој се дефинираат основните етички принципи и вредности кои се однесуваат на одредена група на лица. Етичкиот кодекс е збир на стандарди на постапување и однесување кои водат до одлуки и активности засновани врз должности што произлегуваат од основните етички вредности. Во смисла на професионалната атика, етичкиот кодекс е документ со кој се пропишува или сугерира определен облик на однесување на луѓето во заемните односи, а кои се поврзани со извршувањето на нивните професионални должности.

**„Злоупотреба на службената положба**“ – состојба во која носител на јавна функција или службено лице ја користи својата положба, авторитет и/или овластувања поврзани со неговата или нејзината привилегирана позиција, да ја одржи власта или да постигне приватни или партиски придобивки. Ваквата состојба и активности предизвикуваат повреда на достоинството на професијата, угледот и интегритетот на личноста, како и угледот и интегритетот на институцијата која ја претставува.

**„Злоупотреба на јавни средства**“ - употреба на јавни средства за постигнување приватни или партиско-политички цели, наместо нивна употреба за јавен интерес.

**„Интегритет“** - законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работите со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се одговорно лице, односно се вработени, ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата во можноста од настанување и развој на корупција и со тоа обезбедуваат доверба на граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции.

**"Изборна кампања"** - јавно претставување на потврдените кандидати од надлежните изборни органи и нивните програми во предизборниот период за одреден вид на избори.

**„Јавен интерес“** – заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот на Република Северна Македонија, спречување на ризиците за здравјето, одбраната и безбедноста, заштита на животната средина и на природата, заштита на сопственоста и на слободата на пазарот и претприемништвото, владеење на правото и спречување на криминалот и корупцијата.

**„Јавен интегритет“** - доследно усогласување и придржување кон заедничките етички вредности, принципи и норми,како и давање на приоритет на јавниот пред приватниот интерес во јавниот сектор.

**„Кодекс на однесување“** - е формален документ кој го регулира однесувањето со утврдување на она што се смета за прифатливо однесување и што не е. Со други зборови, тоа е документ чија цел е да создаде култура која става значителен акцент на исправноста, транспарентноста и искреноста во однесувањето на одредена група.

**„Корупција“** - Злоупотреба на јавната моќ за приватна корист од страна на носителите на јавни функции и овластувања. Уништување на интегритетот при извршување на јавните должности со мито или привилегија или употреба коруптивни практики.**„Ризик од корупција“** - внатрешна или надворешна слабост или процес, којшто претставува можност за појава на корупција во рамки на државните органи, јавните претпријатија и другите институции од јавниот сектор, и којшто ги вклучува прашањата за судир на интереси, неспоивост на функциите, примање подароци и/или други недозволени плаќања, лобирање, недостаток на систем за заштита на укажувачи, измама, несоодветна употреба на овластувањата, дискрециони овластувања, противзаконско финансирање на политички

партии и кампањи, трговија и неовластено користење на информации, нетранспарентност на процедурите и документите, како и други релевантни прашања за интегритетот.

**„Лобирање"** – активност насочена кон законодавната и извршната власт на централно ниво, како и кон локалната власт, заради остварување определени интереси во процесот на донесување закони и други прописи.

**„Лобист"** – физичко лице кое врши лобирање за соодветен паричен надоместок, регистрирано за вршење на лобирање согласно закон, или е вработено во правно лице кое е регистрирано за вршење на лобирање со кое е склучен договор за лобирање.

**„Морал"** - збир на правила, норми кои се создадени за време на историскиот развој, а се поврзани со однесувањето на луѓето во заедницата, односно систем од правила на определено општество во однос на содржината и начинот на меѓусебните односи на луѓето и човековата заедница.

**„Нарачател на лобирање"** – заинтересирано физичко или правно лице кое има интерес од лобирањето пред законодавната, извршната и локалната власт.

**„Непотизам"** - Давање предност, корист или други погодности од страна на службеното лице во извршувањето на службената должност на одреден поединец или група лица со кои службеното лице има семејни или пријателски врски.

**„Подарок"** - материјална или нематеријална вредност што му се дава на пратеникот без надоместок во врска со извршување на функцијата. Терминот, во овој контекст, вклучува подароци на предмети, услуги, обука, превоз, сместување, оброци, попусти, заеми и други предмети од материјална вредност без оглед дали се обезбедени во натура, со давање на ваучер, плаќање однапред, користење на улуга или надомест по направениот трошок. Подарокот може да биде квалификуван и како кривично дело: давање на мито или корумпирање. Чинот на поткуп вклучува доделување подароци на лице кое е носител на јавна функција или надлежен орган да изврши или да се воздржи од преземање на активности, при тоа застапувајќи туѓи интереси.

**„Поткуп“** - обезбедување приватна корист на поединец со цел да се влијае врз неговото/нејзиното однесување и на извршувањето на неговите/нејзините должности, на начин кој ќе донесе корист или придобивка на страната што плаќа мито (честопати на сметка на јавниот интерес).

**„Потенцијален судир на интереси“** – состојба во која носител на јавна функција или службено лице има приватен интерес што би можел да биде во судир со неговата функција или службена должност во иднина.

**„Правила“ -** детални одредби кои идентификуваат прифатливо и неприфатливо однесување на пратениците.

**„Правилник“** - Формален правен документ, честопати во форма на утврдена процедура или список на барања за постапување и однесување, чие кршење може да резултира со дисциплинска постапка.

**„Приватен интерес“** - подразбира материјален или нематеријален интерес на службеното лице што може да влијае врз неговото одлучување при извршувањето на јавните овластувања и должности.

**„Професионален интегритет“** - извршување на службени должности со интегритет, преку постојано почитување на заедничките етички вредности, принципи и норми за поддршка и давање на приоритет на јавниот пред приватниот интерес на работното место (јавна институција).

**„Регулаторна рамка“** - механизми за спроведување на правилата и примена на санкции.

**„Сексуално вознемирување**“ – кој било облик на несакано вербално, невербално или физичко постапување од сексуална природа, што има цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.

**„Слобода на изразување"** –слобода на говор и изразување на мислата како основно човеково право кое има суштинска улога во остварувањето и заштитата на другите права. Се движи од слобода на мислење и слободно индивидуално изразување на мислење, па се до институционална слобода на медиумите. Слободата на мислење е апсолутно граѓанско право, што никој не може да го загрози или ограничи, додека слободата на изразување на мислењето е политичко право и може да биде предмет на одредени рестрикции или ограничувања кои се во согласност со одредени правно поставени објективни цели.

**„Судир на интереси"** –состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности. Судирот на интереси вклучува судир меѓу јавната должност и приватниот интерес на службеното лице, каде приватниот интерес на службеното лице може неправилно да влијае на вршењето на службените должности и одговорности.

**„Транспарентност"** - споделување информации и дејствување на отворен начин. Должност на носителите на јавните функции и/или административните службеници е да постапуваат видливо, предвидливо и разбирливо.

**„Углед" -** положбата која поединецот ја зазема во општеството благодарение на воспоставените системи и распределбата на моќта, а врз основа на кои се стекнува со определен статус. Статусот се стекнува врз основа на заслуги, напорна работа и успеси. Угледот е всушност перцепцијата, односно мислењето што другите го имаат за одредена јавна личност, во случајов носител на јавна функција, односно пратеник/чка.

# ВОВЕД

Упатството за примена на Етичкиот кодекс за пратениците во Собранието на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Упатството) е след и надополнување на Етичкиот кодекс за пратениците во Собранието на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Кодексот). Етичкиот кодекс ги дефинира основните етички принципи и стандарди на однесување и постапување на пратениците. Кодексот, преку сетот норми изразени во него обезбедува рамка и стандарди за препорачано и посакувано постапување и однесување на пратениците во извршувањето на функцијата, воедно градејќи систем на доверба на јавноста преку интегритетот на пратениците и интегритетот на институцијата која ја претставуваат.

Целта на Упатството за примена на Кодексот е да даде појаснувања на нормите дефинирани во кодексот, да ги утврди правилата на правилно и очекувано постапување и однесување, да ги разјасни начините на постапување во случаите на прекршување на Кодексот, да го појасни функционирањето на механизмите за следење на примената на Кодексот, како и да даде конкретни примери за тоа што се смета за посакувано и одобрено однесување, а што за непосакувано и осудувано однесување. Упатството е алатка која ќе им служи на пратениците лесно и прецизно да проценат како треба да постапуваат и да се однесуваат во случаите кога се соочени со одредена морална дилема.

Упатството е поделено на поглавја што одговараат на областите опфатени во Кодексот и кои ги рефлектираат ситуациите на кои се однесуваат нормите дефинирани во Кодексот. Согласно со секоја од наведените области во Кодексот е обработено поединечно поглавје во Упатството во кое се претставени примери за ситуациите поврзани со темите на обработка.

Упатството содржи поимник на термини чија цел е прецизно дефинирање на термините кои се користени во текстот на Упатството.

Покрај Уставот на РСМ, Законот за пратениците, Законот за Собранието на Република Македонија и Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија, Кодексот и Упатството се непосредно поврзани и со повеќе законски прописи што го уредуваат однесувањето на пратениците, и тоа:

- Закон за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 258/20);
- Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19 и 267/20);
- Законот за заштита од вознемирување на работното место („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/13 и 147/15);
- Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 101/19);
- Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда („Службен весник на Република Македонија„ бр. 143/12);
- Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија„ бр. 12/19);
- Законот за лобирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 106/08 и 135/11);
- Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија“ бр. 90/09, 188/13 и 192/15) и
- Закон за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19 и 275/19) и др.

Упатството има форма на отворен документ којшто постојано подлежи на дополнувања, во зависност од актуелните потреби. Упатството треба да обезбеди насоки за препорачаното и посакуваното однесување и постапување на пратеници, па за таа цел е нужно постојано да биде актуелно, да содржи свежи примери и да обезбедува морален компас во дадениот политички и општетсвен контекст.

# 1. ОСНОВНИ ЕТИЧКИ ПРИНЦИПИ И ВРЕДНОСТИ

Градењето на систем на парламентарна етика секогаш започнува со усогласување на основните етички принципи и вредности за кои постои општ консензус помеѓу пратениците. Тие етички принципи и вредности произлегуваат од политичката култура на одредено поднебје, но се усогласени и со меѓународните стандарди за регулирање на областа на парламентарната етика. Тие всушност претставуваат одраз на заложбите на пратениците во Собранието за почитување и примена на фундаменталните вредности на доброто управување.

Основните етички принципи и вредности имаат за цел да го зацврстат и поддржат интегритетот на пратениците и да ја зајакнат јавна доверба во нивната функција и во институцијата која ја претставуваат. Основните етички принципи се најчесто општи и ги рефлектираат вредностите коишто претставуваат фундамент на институцијата и како такви имаат тенденција да бидат аспиративни, многу повеќе отколку ограничувачки. Воспоставувањето на основните принципи и вредности е важен прв чекор во градењето систем на парламентарна етика. Иако, основните принципи и вредности најчесто се кратки и прецизни и не бараат поголема елаборација, сепак тие можат значително да се разликуваат во зависност од професијата на која се однесуваат. Во таа смисла, во ова Упатство се дадени дополнителни објаснувања на основните етички принципи и вредности во контекст на парламентарната етика, и тоа:

**Посветеност на јавниот интерес и демократските вредности –** овој принцип подразбира дека пратениците во извршувањето на својата функција постапуваат во согласнот со законите, односно одлучуваат по сопствено убедување и секогаш единствено во насока на заштита на јавниот интерес. Тоа значи дека во своето работење ќе ги застапуваат интересите на заедницата, вклучувајќи ги и интересите на сите општествени чинители, ќе ги одржуваат и унапредуваат нејзините вредности кои го стимулираат прогресот, ќе ги почитуваат и штитат достоинството на нејзините членови и ќе ги унапредуваат условите за квалитетен живот, одржлив развој и благосостојбата на заедницата.

**Објективност и праведност –** овие вредности подразбираат дека пратениците во својата работа и при одлучувањето ќе постапуваат и ќе се однесуваат непристрасно, фер, согласно принципот на заслуги и без фаворизирање и привилегирање на нешто или некој. Тие ќе се однесуваат чесно и правично, застапувајќи ја вистината и нема да дозволуваат нивните лични чувства и амбиции да го загрозат принципот на еднаков пристап и еднакви можности за сите.

**Еднаквост** – овој принцип е тесно поврзан со принципот на праведност и на недискриминација и подразбира постапување согласно еднакви стандарди кон сите граѓани во општеството без оглед на нивната положба или статус. Ваквиот однос подразбира дејствување и однесување без предрасуди и дискриминација, односно постапување и однесување што е втемелено на фер и правичен однос кон сите граѓани и субјекти во општеството, во полза на остварување целосна инклузија на граѓаните во сите општествени процеси.

**Отвореност и транспарентност** - овие принципи подразбираат постапување и однесување кое ја демонстрира одговорноста на пратениците пред граѓаните за нивните постапки, одлуки и однесување. Тие подразбираат отворени, јасни, прецизни и аргументирани образложенија за нивните постапки и одлуки донесени во својство на претставници на граѓаните. Исто така, овие принципи подразбираат дека одлуките се донесуваат и се спроведуваат законски и регуларно, а граѓаните можат лесно да дојдат до информации кои ќе им бидат презентирани во јасен и разбирлив формат.

**Заемно почитување** – оваа вредност подразбира почитување на достоинството на човековата личност, признавањето и третирањето на човекот како највисока цел, а никогаш како средство за постигнување на други посредни интереси и цели. Ова подразбира и заложба за градење и унапредување на заедничкото достоинство на сите личности преку меѓусебното почитување, солидарност и грижа, како најголем дострел на човековиот морал. На овој начин се изразува определбата на пратениците да работат на градење на автономни, одговорни и позитивна личности, со споделени заеднички вредности, кои го застапуваат и промовираат доброто на граѓаните и на општеството во целина.

**Интегритет** – овој принцип подразбира постапување чии централни вредности се искреноста, чесноста, вистинитоста и довербата, а кои се интегрално поврзани со функцијата која ја извршуваат, почитувајќи ги Уставот и законите. Интегритетот значи дека пратениците ќе останат доследни на моралните вредности во нивното однесување, не заради тоа што се под постојан надзор од страна на јавноста, туку затоа што искрено веруваат во нив и се посветени на градењето на праведно и сигурно општество. Интегритетот е исто така израз и на цврстиот став на пратениците дека нема да дозволат моќта и влијанието кое го добиваат со извршување на функцијата да го употребат за постигнување на лични цели или цели кои се во спротивност со јавниот интерес.

**Ефикасност и економичност** – овие принципи во смисла на извршување на пратеничката функција подразбираат рационално, домаќинско и одговорно однесување кон средствата и ресурсите кои пратениците ги имаат на располагање за потребите на извршување на функцијата.

**Лидерство** – под овој принцип се подразбира однесување на пратениците кое претставуваа „водење согласно личниот пример“. Ова всушност значи дека во постапувањето и однесувањето пратениците јасно и недвосмислено ќе ги одразуваат принципите и вредностите за коишто ја изразиле својата заложба и посветеност, а кои се рефлектирани во Кодексот. Не постои ништо што толку силно влијае на губење на довербата отколку практикување на филозофијата „Слушај ме што зборувам, но не ме гледај што правам“. Двојните стандарди и различниот пристап во постапувањето и однесувањето често можат да бидат доживеани како изневерување на довербата која им е дадена на пратениците и можат да бидат многу деструктивни кон генералната заложба на државата да се справи со корупцијата и непрофесионалноста. Пратениците имаат одговорност, со свој личен пример да го демонстрираат она кое го ветиле на нивните гласачи.

# 2. ОЧЕКУВАНО ПОСТАПУВАЊЕ И ОДНЕСУВАЊЕ НА ПРАТЕНИЦИТЕ

Пратениците своето постапување и однесување го обликуваат во духот на Етичкиот кодекс, воедно промовирајќи го и со личен пример и применувајќи ги неговите основни принципи, вредности и нормите. Јавната функција - претставник на граѓаните и претставник во законодавниот дом, подразбира поинаква димензија на јавниот живот на пратеникот од таа на обичниот граѓанин. Почитувањето на принципите на Кодексот и професионалната етика од страна на пратениците, ја зголемува легитимноста и јавната доверба во Собранието како институција и на самите пратеници. Целосното спроведување и почитување на нормите на Кодексот претставува доказ за личниот интегритет на пратениците.

## 2.1 Професионално извршување на функцијата

Пратеникот својата функција ја извршува професионално, што значи дека пратеникот ја извршува функцијата за соодветен финансиски надомест, односно плата. Во своето работење тој во целост ја почитува работната етика и правилата воспоставени во Собранието. Доаѓа редовно во Собранието, активно учествува во работата на работните тела и останатите активности организирани од и во Собранието, давајќи придонес за остварување на надлежностите на Собранието. За време на вршењето на функцијата, пратеникот е ориентиран кон правилна употреба на правата што му се дадени согласно закон, на одредбите од Деловникот за работа на Собранието и одредбите од Кодексот, и тоа во согласност со прописите кои се во сила. Пратеникот се однесува во согласност со следните препораки:

- Се придржува кон највисоките морални принципи;
- Чесно ја заработува својата плата;
- Ја гарантира заштитата на јавниот интерес во сите свои активности, избегнувајќи какво било однесување кое би можело да го загрози неговиот интегритет и кредибилитет пред јавноста;
- Ја кажува и застапува вистината;
- Не дискриминира преку обезбедување на повластен третман на лица или групи;

- Не ги користи доверливите информации за остварување корист;
- Се однесува во согласност со Уставот, законите и останатите прописи за работа на Собранието.

***Пример 1.*** *Пратеникот/ пратеничката е поканета на отворање на училиште во изборната единица од која е избран/а во време кое се поклопува со седница на комисијата во кој тој/таа е член. Тој/таа треба да присуствува на седницата на комисијата, а посетата на училиштето да ја одложи за друга прилика.*

***Пример 2.*** *Пратеник/пратеничка е повикана од координаторот на пратеничката група да даде изјава за медиумите во прес центарот на Собранието за време на јавна расправа на важна тема во комисијата во која тој/таа е член, а воедно има поднесено амандмани за законот кој е тема на дискусија. Доколку изјавата се однесува на темата на дискусија на седницата на комисијата и целта на изјавата е да се пренесе на граѓаните официјалниот став на пратеничката група која тој/таа ја претставува, пратеникот/пратеничката може да даде изјава за медиумите.*

## 2.2 Однесување на пленарни седници и седници на работни тела

Во однос на однесување на пленарни седници и седници на работни тела, почитувањето на стандардите подразбира пратеникот/пратеничката правилно да ги користи правата што му/и се дадени со закон, со одредбите од Деловникот за работа на Собранието и Кодексот.

Процедуралните права што му/и се дадени на пратеникот/пратеничката со Деловникот на Собранието, ги користи и се повикува на нив за време на собраниските седници, седниците на работните тела, не треба да се користат за други цели, освен за оние поврзани со нормалното водење на парламентарниот процес. Искористување на правото да се побара збор за процедурална постапка или реплика за време на седниците на комисиите и особено на пленарните сесии е легитимно и оправдано, се додека не се злоупотребува за изнесување на детали од приватниот живот на пратениците.

Кодексот генерално предвидува забрана за користење на некоректно изразување или нарушување на текот на говорот на останатите пратеници. Пратеникот не треба да се повикува на правото на реплика поради употреба на некоректни или несоодветни изрази кои ги навредуваат колегите пратеници.

Пратеникот/пратеничката со должно внимание и почитување се обраќа кон колегите. Тој/таа го почитува правото на јавно изразување на ставови и не ги омаловажува и дискредитира спротиставените ставови и мислења. Пратеникот/пратеничката дискутира единствено со употреба на издржани аргументи, без лични квалификации или избегнува да изнесува податоци кои немаат врска со предметот на дискусија.

Пратеникотпратеничката го почитува личниот простор на другите и внимава да не ги вознемири колегите и вработените во службата. Пратеникот/пратеничката исто така внимава да не го нарушува редот и работната дисциплина за време на работните сесии во Собранието. Своите електронски уреди (мобилен телефон, преносен компјутер и сл.) ги користи единствено доколку има итна потреба и надвор од просториите во кои се одржува седница или состанокот. Приватните или службените разговори ги води тивко и дискретно за да не ги вознемирува колегите или да ја наруши концентрацијата за време на работните сесии.

Кодексот генерално предвидува забрана за користење на некоректно или несоодветно изразување од страна на пратениците, односно употреба на несоодветен, навредлив или заканувачки говор, како и говор што предизвикува омраза, насилство или дискриминација. Ова не подразбира ограничување за слободата на изразување на личните или политичките ставови и гледишта на пратениците кои ги претставуваат нивните позиции, сè додека формулациите немаат осудувачка или оцрнувачка содржина, не ги прекршуваат слободите и правата на другите и како такви можат да се сметаат за дискриминаторски ставови и не насочуваат или предизвикуваат дејства кои претставуваат прекршување на слободите или правата на другите.

***Пример 3.*** *Пратеник/пратеничка и член на политичката партија може да биде повикан на одговорност за поттикнување дискриминација за време на своето пратеничко делување или во процес на изборна кампања, поради пропагирање на ставови со дисктриминирачка содржина, поради говор кој директно ги дискриминира припадниците на останатите заедници во државата, иницира нееднаков третман и дури може да предизвика други правни последици. Ваквите изјави не можат да се третираат како право на слобода на изразување, од причина што проттикнува дискриминација кон припадниците на други заедници кои живеат во државата и ги уживаат истите права и слободи (маргинализирани групи, други етнички заедници, припадници на ЛГБТ заедницата и сл.).*

Дискриминација и говорот на омраза не треба да биде главно „оружје“ за вознемирување и пресметка со политичките опоненти и неистомисленици. Компромитирањето на политичките неистомисленици во јавната сфера преку лични квалификации доведува до спуштање на нивото на културата на јавниот дијалог и оневозможување на аргументирана општествена и политичка дебата, не само во Собранието, туку и во сферата на социјалните медиуми. Во таа насока, од пратеникот/пратеничката се очекува да не користи изрази на дискриминација и говор на омраза, но и да се спротивставува на ваквата пракса и да се залага за идентификување, превенција и правно и општествено санкционирање на ваквите неприфатливи облици на политичка и јавна комуникација. Забраната за дискриминација не е само етичка категорија која произлегува од Кодексот, туку истата е и законски забранета со Законот за спречување и заштита од дискриминација[1], Законот за работните односи[2] и Законот за заштита од вознемирување на работно место[3]. Истото се однесува и на изнесувањето на навреди и клевети за колегите пратеници или генерално, што е регулирано со Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета[4], како и користењето на говор на омраза кој е предвиден како кривично дело во Кривичниот законик[5].

Учеството во одлучувањето и изразувањето на политичка или лична волја преку гласање се смета за вршење на пратеничка функција. Пратеникот го користи своето право на глас лично, во комисиите или на пленарна седница. Пратеникот не го попречува гласањето на другите пратеници со употреба на притисок или друг вид на насилство. Секој таков случај се смета и треба да се третира како опструкција на пратеник/пратеничка во извршување на својата функција.

***Пример 4.*** *По жестока расправа и инспиративен говор на една од пратеничките во Собранието, колегите од спротивставената пратеничка група и се обраќаат со зборовите: „Убавице, смири се малку“, „Видовме дека си силна како маж“, „Нервозата и штети на твојата убавина“ и слично.*

---

[1] Закон за спречување и заштита од дискриминација, https://www.mtsp.gov.mk/content/Закон%20за%20спречување%20и%20заштита%20од%20дискриминација.pdf
[2] Закон за работните односи, https://mtsp.gov.mk/content/pdf/trud_2017/pravilnici/16,11-аконРабОдноси.pdf
[3] Закон за заштита од вознемирување на работнотно место, https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/trud_2017/pravilnici/16,,11-законЗаштитаВозРабМесто.pdf
[4] Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета, http://mdc.org.mk/wp-content/uploads/2014/05/Закон-за-граѓанска-одговорност-за-навреда-и-клевета-1.pdf
[5] Кривичен законик, https://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2016/03/законик-пречистен-текст.pdf

*Ваквиот говор претставува сексистички говор кој директно ја навредува, понижува и омаловажува пратеничката, особено споменувањето на физичките карактеристики. Ваквиот говор претставува дискриминација врз основа на пол и род и пратениците/пратеничките не треба да ја практикуваат. Уште повеќе, тие треба да се залагаат за елиминирање на ваков вид на говор кој предизвикува омаловажување, дискредитирање или понижување на личноста по кој било основ.*

## 2.3 Однесување со службите и останатите вработени во институциите

Пратеникот/пратеничката во текот на извршувањето на функцијата има право да му/и биде обезбедена помош и поддршка од службите на Собранието и останатиот персонал за извршување на собраниските активности како што е поддршка при подготовка на одредени документи, анализи, извештаи, статистика или материјал што е предмет на расправа. Пратеникот/пратеничката, кога и да му/и е потребна помош или совет, може да се обрати до вработениот или соодветната служба во Собранието во согласност со описот на работните задачи и обврски. Пратеникот/пратеничката не може да бара од стручната служба на Собранието поддршка за подготовка на говори или извештаи што ќе му/и служат за личен политички ангажман.

***Пример 5.*** *Пратеник/пратеничка сака да поднесе иницијатива за расправа за состојбата со ендемскиот жив свет на територијата на Република Северна Македонија. Во неколку меѓународни извештаи на темата е забележан недостаток на институционални механизми за справување со ситуации на загрозување на живиот свет и природните карактеристики во заштитените подрачја во државата. Пратеникот/пратеничката може да побара од Парламентарниот институт или надлежната служба во Собранието компаративна анализа на системите и институционалните механизми за заштита на биодиверзитетот во регионот и/или во рамките на ЕУ, со што ќе ја аргументира својата дискусија за подобрување на регулативата во областа.*

***Пример 6.*** *Пратени/пратеничка има побарување од собраниската служба за користење на податоци во сопственост на Собранието кои не се јавно објавени, како и барање од службите да спроведат истражување со користење на споменатите податоци за потребите на партијата на која и припаѓа. Ова истражување има намера да го искористи за креирање на партиската програма за претстојните избори. Истиот/тата пратеник/пратеничка често се случува да бара од вработените во собраниската служба да асистираат за време на за средби/состаноци со*

*партиски членови, како и да подготвуваат говори за партиски трибини. Ваквото однесување е недозволиво.*

Родово базираното вознемирување е едно од поспецифичните вознемирувања на работно место, на кое е потребно да се обрне поголемо внимание. Не секогаш мора да постои намерта за ваков вид на вознемирување, туку може да се случи и поради невнимание, односно помалку формално изврazување и однесување, а кое всушност навлегува во сферата на вознемирување. Покрај отворените форми на сексуално вознемирување, посуптилните форми на вознемирување може и да не бидат лесно препознаени. За да се квалификува како непријателско работно опкружување, однесувањето мора да биде навредливо не само за вработениот, туку и за која било личност во исти околности. Забраната за родово базирано вознемирување е исто така дел од Законот за заштита од вознемирување на работно место, а во определена мера е дел и од Кривичниот законик во кој има кривични дела за ваквo постапување. На пример, кое било од следниве дејства може да биде сексуално вознемирување ако се случува често или е доволно сериозно за да го направи вработениот да се чувствува непријатно или заплашено:

- комплименти за изгледот на вработениот кои се повторуваат;
- коментари за привлечноста на другите пред вработен;
- дискутирање за нечиј сексуален живот пред вработен;
- прашања упатени кон вработен за неговиот сексуален живот;
- покажување на фотографии на жени или мажи со минимална облека на себе;
- правење сексуални шеги;
- испраќање на сексуално сугестивни текстуални пораки или е-пошта;
- несакани подароци од романтична природа;
- ширење сексуални гласини за вработен, или
- прегратки или други несакани допири.

***Пример 7.*** *Пратеник/пратеничка има свој личен асистент/ка. Тој/таа честопати бара од личниот асистет/ка да и се придружи на вечера после работното време за да можат ја договорат работната агенда и други точки од работниот распоред на пратеникот/чката. Често се случува пратеникот/чката да му дава комплименти на својот асистент/ка за физичкиот изглед, но и да прашува за детали од приватниот живот.  За време на работниот ден, често се случува пратеникот/чката да гледа во својот асистент/ка подолго време додека работи. Непосакуваното*

*и интензивно внимание е еден од видовите на вознемирување и се карактеризира како недозволиво однесување.*

## 2.4 Однесување на официјални настани на Собранието и настани надвор од законодавниот дом

На официјални настани организирани од страна на Собранието, од институциите на државата, странски и меѓународни организации и институции, или пак на неформални настани пратеникот/пратеничката секогаш ги застапува интересите на држава и со своето постапување и однесување покажува почит и уважување кон сите свои колеги, соработници или граѓани. Пратеникот/пратеничката ги почитува ставовите и мислењата на другите, иако можеби лично не се согласува со нив. Во своите настапи и појавувања не предизвикува непријатни ситуации или конфликт и го чува својот углед и угледот на Собранието. Пратеникот/пратеничката на настани надвор од законодавниот дом не споделува доверливи информации со кои се стекнува во текот на вршењето на функцијата.

***Пример 8.*** *Пратеник/пратеничка, како член на парламентарна делегација, присуствува на настан организиран од меѓународна организација по повод отпочнување на проект за соработка со Собранието. По завршувањето на настанот, покрај прашањата од страна на медиумите насочени кон обезбедување на дополнителни информации за најавениот проект, претставниците на медиумите поставуваат и прашања до преатениците за актуелни шпекулации во јавноста околу недоследностите во работењето на органите за следење на комуникациите и можните злоупотреби во таа област. Пратеникот/пратеничката е член на Надзорната комисија за следење на соодветната област и има пристап до класифицирани и чувствителни информации со кои се сретнал за време на извршување на својата функција. Пратеникот/пратеничката е прашан/а да изнесе став или мислење по однос на споменатите шпекулации. Пратеникот/пратеничката не може да изнесува мислење во името на Комисијата доколку тоа не е официјално усогласено и објавено преку соодветните средства за комуникација кои ги користи Собранието. Тој/таа може да изнесе лично мислење, притоа внимавајќи да не открие информации, детали или класифицирани поидатоци за работата на Комисијата чиј член е самиот тој/таа, ниту пак други чувствителни информации со кои се стекнал/а извршувајќи ја својата функција.*

## 2.5 Пристојно облекување

### *2.5.1 Кодекс на облекување*

Од пратениците се очекува да го адаптираат стилот на облекување за функцијата која ја извршуваат. Облеката на пратеникот/пратеничката за време на комисиските расправи, пленарните сесии, учеството на состаноците на органите на Собранието или состаноците организирани во функција на член на Собранието треба да е адекватна за опкружувањето на собраниските активности како работно опкружување. Сите пратеници, треба да бидат свесни за одржувањето на формален, професионален и соодветен изглед. Секако, покрај одржувањето на формален изглед за време на работните обврски, сосема прифатливо е одредено обележје кое е израз на религиозните определби на припадникот/чката на одредена верска заедница и која не претставува навреда за припадниците на другите религиозни групи. Еден од општоприфатените кодекси на облекување е кодексот на бизнис секторот.

***Пример 9  Формален изглед во бизнис секторот***

*За мажи: кошула со долги ракави; долги панталони; се препорачува носење на вратоврска, која треба да биде добро врзана; класични чевли; минимални додатоци, освен часовник; средена и одржувана брада и коса.*

*За жени: формална облека со должина под колената и должина на ракавите до лактите; затворено деколте; формални чевли со затворени прсти; тенки чорапи; дискретен и префинет накит; умерени бои; избегнување на големи додатоци со впечатлива боја; средени нокти и коса без екстравагантни примеси.*

# 3. СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА

## 3.1 Злоупотреба на функцијата и тргување со влијание

Пратениците не ја користат својата функција, ниту своите уставни и законски надлежности, на начин кој може да претставува злоупотреба на функцијата заради прибавување на одредена материјална или нематеријална корист. Пратениците исто така, не смеат да ја користат својата функција заради тргување со влијанието кое го имаат заради стекнување каков било вид на корист, ниту пак да предлагаат и одлучуваат за закони, други прописи или било какви политички одлуки во своја корист или корист на друго лице. Пратениците не ја користат својата функција за да извршат влијание врз институциите за донесувањето на некоја одлука или решение во корист на некој граѓанин или правен субјект.

Пратениците мора да имаат предвид дека прашањето за спречување на корупцијата е предмет на регулирање на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси[6], а не само на Кодексот, поради што при извршување на својата функција како пратеници мора во целост да се придржуваат до обврските од овој закон. При тоа, Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ги опфаќа сите прашања кои се опфатени во Кодексот и кои понатаму во ова Упатство се појаснуваат со конкретни примери и тоа: примањето на подароци и постапувањето со истите, вработувањето и пост-вработувањето, како и вработување на сопржуници, евиденција на имот и приходи и сл.

***Пример 1.*** *Брачен другар на пратеник/пратеничка работи во претпријатие за управување со отпад. Од страна на надлежното министерство пратеникот/пратеничката е повикан/а на консултации со кои треба да и се помогне на работна група во подготовката на идните планови за инвестиции во индустријата за управување со отпад. Пратеникот/пратеничката учествува на состанокот на работната група кадешто има можност да добие релевантни информации што потоа ги споделува со сопружникот. Сопруг/ата на пратеникот/пратеничката понатаму ги споделува информациите со раководството на претпријатието во кое работи и заради тоа е*

[6] Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси, https://www.dksk.mk/fileadmin/user_upload/Zakon_za_sprecuvanje_na_korupcija_i_sudirot_na_interesi.pdf

*унапреден/а во хиерархијата на претпријатието. Пратеникот/пратеничката не смеел/а да ја одмолчи, односно да не ја пријави својата поврзаност, преку брачниот другар, со бизнисот со управување со отпад и не требал/а да прифати да учествува на состаноците на работната група и да ги сподели информациите до кои дошол/а.*

## 3.2 Примање подароци и други придобивки

Пратениците не прифаќаат никакви подароци, бенефиции или изрази на гостољубивост ниту за себе, ниту за кој било член на нивното семејство кои ја надминуваат вредноста утврдена согласно позитивните прописи кои го регулираат ова прашање во однос на пратениците. Пратениците се должни да ги пријавуваат даровите, на начин и согласно постапка утврдена од страна на Собранието. Пратениците не очекуваат и не примаат било каков вид на подароци кои можат да ги доведат во сомнеж за постоење на корупција или влијание врз непристрасноста при вршењето на должностите, освен протоколарните подароци добиени на официјални настани во износ и на начин утврдени со Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост[7] и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Пратениците може да примат протоколарни подароци дадени на официјални настани и тоа:

- Подароци примени од еден давател кои поединечно или кумулативно не ја надминуваат вредноста од 100 евра во денарска противвредност во текот на една година; и
- Подароци кои во текот на годината кумулативно не недминуваат вредност од 500 евра во денарска противвредност.

Овие подароци кои се во рамки на дозволнета вредност можат да останат во трајна сопственост на пратеникот/чката. Пратениците ги пријавуваат и регистрираат сите подароци, придобивки или услуги кои се добиени од физичко или правно лице.

[7] Закон за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, https://finance.gov.mk/%d0%b7%d0%b0%d0%ba%d0%be%d0%bd%d0%b8-%d0%bf%d1%80%d0%be%d0%b8%d0%b7%d0%bb%d0%b5%d0%b7%d0%b5%d0%bd%d0%b8-%d0%be%d0%b4-%d1%83%d0%bf%d1%80%d0%b0%d0%b2%d0%b0-%d0%b7%d0%b0-%d0%b8%d0%bc%d0%be%d1%82%d0%bd/

Подарок кој нема протоколарна природа и е даден на пратеникот/пратеничката или на член на семејство или друго блиско лице ќе се смета за подарок даден на пратеникот под следните услови:

- Подарокот е даден со знаење и прифаќање на пратеникот/пратеничката; и
- Пратеникот/пратеничката има причина да верува дека подарокот е даден во врска со извршувањето на неговата/нејзината пратеничка функција.

Подароците, услугите или повластените третмани што пратеникот/пратеничката ги добил/а, а кои се дадени во врска со извршување на функцијата треба да ги одбие, односно врати на дavателот или доколку е тоа невозможно, да ги пријави и предаде на службата во Собранието одговорна за администрирање и управување со подароците, а коишто потоа ќе се користат за потребите на Собранието. Во случај кога понудата или давањето на горенаведените добра и услуги претставува прекршување на одредбите од Законот за спречување на корупција и судир на интереси, службата, односно пратеникот/пратеничката е должен/а за тоа да ја извести Државната комисија за спречување на корупцијата.

Надоканада или придобивки добиени како признание за услуги извршени од страна на пратениците, на пример, по држење говор или промовирање на одредена компанија, треба да се пријават, регистрираат и подлежат на правилата за примање и регистрација на подароци.

Доколку пратеникот/пратеничката добие подарок или му биде понудена нефер придобивка, треба:

- да го идентификува лицето кое го нуди подарокот и да ги идентификува намерите на лицето кое ја дава понудата;
- да ја одбие или да ја плати целокупната противвредност на подарокот;
- доколку подарокот не може да се одбие и да му се врати на подарувачот, тој се пријавува во Регистарот на подароци и се предава во владение на Собранието според постапката предвидена во ова Упатство и прописите со кои се регулира водењето на регистар на подароци.

### 3.2.1 Класификација на подароците

Подароците се класифицираат согласно видот и согласно пригодата на подарување. Во таа смисла, дефинирани се два типа на подароци во секоја од класификационите групи, и тоа:

1. Подароци според видот:

– **Материјални подароци** – предмети и ствари од физичка природа со определена материјална вредност.

– **Нематеријални подароци** – услуги, придобивки, привилегии, кредити, акции, заеми и други придобивки, кои посредно имаат определена материјална вредност.

2. Подароци според пригодата:

– **Протоколарни подароци** – подароци од страна на сродни институции или меѓународни организации добиени на официјални настани на кои пратениците присуствуваат во својство на вршење на функцијата и во рамките на официјална делегација, а што се во рамките на изразување гостопримство или во согласност со протоколот, односно се вклопуваат во традицијата и обичаите на земјата каде што се дадени.

– **Непротоколарни подароци** – сите останати подароци од страна на лица, групи или организации.

### 3.2.2 Вреднување на подароците

Кога на некој пратеник/пратеничка ќе му/и биде понуден подарок, услуга или придобивка, тој или таа прво мора да размисли која е целта на подарокот, односно дали подарокот е протоколарен или не. Материјалните подароци се вреднуваат според средната вредност по која подарокот е достапен на пазарот. Пратеникот/пратеничката може да прифати подарок само доколку е во согласност со позитивните прописи кои ја уредуваат оваа материја. Во случај на дилема околу вредноста на подарокот, тој/таа може да се консултира со службата во Собранието која го води Регистарот на подароци. Врз основа на мислењето на проценителот[8], доколку добиениот подарок ја надминува границата на вредноста дефинирана во законските одредби и другите акти на Собранието, тогаш

[88] Закон за процена, http://komoranaprocenuvaci.mk/wp-content/uploads/2013/04/zakon_za_procena.pdf

подарокот освен што треба да биде пријавен и регистриран, истиот треба да биде и предаден на надлежната служба на Собранието која понатаму одлучува за начинот на негово чување и/или изложување во Собранието.

***Пример 2.*** *Пратеник/пратеничка организира забава за дипломирање за својот син. Лобист или лице кое има потенцијална корист од функцијата на пратеникот/пратеничката на синот му подарува паметен телефон. Паметниот телефон ќе се смета за подарок за пратеникот/пратеничката и не треба да биде прифатен, освен доколку вредноста на подарокот не овозможува истиот да биде задржан.*

Пратениците не треба да прифатат подарок чија цел за да се придобие влијание во вршењето на функцијата. Прифаќање на подарок во вакви околности претставува сериозно кршење на законот.

***Пример 3****. На пратеник/пратеничка му/и е понуден подарок во износ од 1.000 денари од страна на бизнисмен кој има директен интерес од функцијата на пратеникот/пратеничката. Пратеникот/пратеничката мора да го одбие подарокот, иако според правилата за промање на подароци износот на подарокот е симболичен и прифатлив, сепак подарокот има за цел директно влијание на начинот на извршување на функцијата.*

Пратениците не дозволуваат друго лице во нивно име да дава или прима подароци, услуги или било каква друга придобивка, која би можела на било кој начин да го компромитира постапување и одлучување на пратениците или да ги стави во положба на подреденост и обврска.

***Пример 4.*** *Адвокат, кој воедно е и близок пријател на пратеникот/пратеничката, нуди гратис билети за спортски настан на пратеник/пратеничка. Тој/таа не планира да оди на настанот и предлага адвокатот да ги даде билетите на негов/нејзин близок пријател. Во овие околности, подарувањето на билетите на пријателот на пратеникот/пратеничката би се сметало за подарок за самиот пратеник/пратеничка и би било дозволено да се прифати само доколку е во согласност со одредбите за прифатливи подароци.*

***Пример 5.*** *На пратеник/пратеничка му/и е понуден билет од страна на организаторот за настан од областа на културата на кој гостува реномирана филхармонија од странска држава, воедно барајќи од пратеникот/пратеничката да биде промотор на настанот. Средствата собрани од настанот ќе бидат вложени во изборна кампања за Претседател на комората за градежништво. Иако пратеникот/пратеничката е голем љубител на таа уметност, тој/таа не треба да го прифати билетот, доколку не е во рамки на дозволената вредност, ниту пак треба да ја преземе улога на промотор на настанот, бидејќи настанот нема никаква поврзаност со неговите/нејзините службени должности, а уште повеќе може да биде протолкувано како отворена поддршка на одреден кандидат за претседател на комората за градежништво. Билетот за присуство на настанот треба да го плати по редовна цена, како и секој друг граѓанин.*

***Пример 6.*** *Се отвора нова концертна сала во Битола. Директорот на Симфонијата поканува голем број официјални лица, вклучувајќи го и пратеникот/пратеничка да присуствуваат на инаугуративниот концерт. На пратеникот/пратеничката му/и е понудено почесно место и ќе му/и биде оддадено признание за неговата заложба за унапредување на културата во местото од каде доаѓа пратеникот/пратеничката, како претставник на граѓаните од таа изборна единица. Доколку изградбата на новата концертна сала е дел од програмата на пратеникот/пратеничката или на пратеничката група која ја претставува, со оглед на тоа дека присуството на пратеникот/пратеничката е соодветно на неговите/нејзините службени должности или претставничка функција, поканата е прифатлива.*

Кога пратеникот/пратеничката примил/а подарок во доверба и потоа дознал/а дека вредноста на истиот е над предвидените граници, но од учтивост подарокот не може да му се врати на дарителот, подарокот се пријавува и доставува до надлежната служба за администрирање на подароци во Собранието.

Подароците што имаат уметничка, музејска или историска вредност, а ја надминуваат пропишаната вредност би требало да се пријават, предадат и останат во сопственост на Собранието и понатаму да се администрираат во Собранието. Подароците се чуваат во просториите на Собранието и може да одлучи подароците со уметничка и културна вредност да бидат изложени во соодветни простории на Собранието или во канцеларијата на пратеникот/пратеничката, сè додека тој/таа ја извршува функцијата.

***Пример 7****: Пратеник/пратеничка добил/а на подарок уметничка слика од познат уметник кој потекнува од истиот град од кој потекнува и пратеникот/пратеничката, но со кој лично не се познава. Уметничката слика е дадена во знак на изразување на почит и уважување и на неа се претставени мотиви од родниот крај на пратеникот/пратничката и уметникот. Доколку вредностна на подарокот е над дозволениот максимум, пратеникот/пратеничката треба да го одбие ваквиот подарок или доколку подарокот е испратен и добиен без претходно знаење на пратеникот/пратеничката, тој/таа треба да го пријави и предаде подарокот на надлежната служба во Собранието која е одговорна за администрирање на подароци. На пратеникот/пратеничката може да му/и биде дозволено да го изложи подарокот во просториите на својата пратеничка канцеларија во Собранието, но по завршување на мандатот подарокот останува во сопственост на Собранието.*

### 3.2.3 Пријавување и регистрација на подароци

Сите добиени подароци, придобивки и гестови на гостољубие, без оглед дали се примени или дадени, треба да бидат пријавени до надлежната служба на Собранието. Службата во Собранието води посебен Регистар за подароци чија форма, содржина и начин на водење се утврдува во посебен акт кој го донесува Собранието.

Подароците можат да вклучуваат:

- материјални подароци добиени од физички и правни субјекти;
- спонзорства и донации;
- угостителски услуги во земјата и надвор од неа, вклучувајќи патувања, приеми, оброци и сместување;
- билети за настани и картички за попуст;
- поволни кредитни аранжмани или заеми.

Пратениците е потребно да ги обезбедат следниве информации при регистрација на примените подароци:

- името и адресата на подарувачот;
- износот на донацијата или нејзината природа и вредност;
- датумите на прием и прифаќање;

- статусот на подарувачот (без разлика дали станува збор за поединец, компанија, кредитно здружение, здружение за осигурување, ДОО, регистрирана партија, синдикат, здружение или компанија без својство на правно лице, во кој случај е потребен единствениот матичен број на субјектот);
- доколку донацијата е направена преку оставинска постапка, име и последна адреса на лицето чија оставнина се прима.

### 3.2.4 Случаи кога пратениците не треба да регистрираат подароци и други придобивки

Подароците кои пратениците ги добиваат од членови на семејството (брачен другар/партнер, возрасни деца, родители и роднини до втор степен) не се сметаат за подароци кои треба да бидат пријавени. Сепак, треба да се земе предвид можниот мотив на дарителот, како и можноста тие подароци да се понудени индиректно од некој друг. Доколку има каков било сомнеж, подарокот треба да се регистрира.

***Пример 8.*** *Пратеник/пратеничка добива како роденденски подарок скап часовник од близок роднина. Пратеникот/пратеничката може да го прифати подарокот, но е потребно да го регистрира во својот имотен лист.*

***Пример 9.*** *Пратеник/пратеничка добива на подарок патување од близок роднина. Престојот на патувањето е во хотел кој е во сопственост на лобист или лице кое има корист од функцијата на пратеникот/пратеничката. Бидејќи се јавува сомнеж дека подарокот е индиректно даден од друго лице, пратеникот/пратеничката не треба да го прифати подарокот.*

***Пример 10.*** *Пратеник/пратеничка е поканет/а на ручек во локален ресторан од страна на претставници на здружение на угостители за да разговараат за законодавството во земјата. Пратеникот/пратеничката може да ја прифати поканата и да руча во ресторанот на трошок на организаторот, доколку вредноста на неговиот ручен е според одредбата за минимална вредност на услугатаво рамките на дозволената вредност или да го плати ручекот од сопствени средства.*

Пратениците можат да прифатат покани за учество на различни видови настани во рамките на своите вонпарламентарни активности, но без надомест за учеството и под услов да се задоволени следниве барања:

- Отворен настан, кога присуството на поединецот не е поврзано со извршување на функцијата;
- Хуманитарен настан за собирање средства;
- Кампања или настан спонзорирана од политичка партија;
- Едукативен настан спонзориран од универзитет, фондација или слична непрофитна организација.

Пратениците можат да прифатат учество на настани и патувања чијашто цел е собирање средства кои ќе се донираат за одредена цел. Но, самиот факт дека донацијата е примарна цел на еден организиран настан, не мора да значи дека пратениците може да прифатат понуда за бесплатно присуство или патни трошоци на настанот. Пратеник/пратеничка кој/а сака да присуствува на настанот, треба да се консултира со надлежната служба, доверливиот советник или да ги покрие трошоците за учество на настанот од сопствени средства.

***Пример 11.*** *Нафтена компанија организира вечера за пратеници на која ќе објави дека собрала значителна сума на донации во добротворни цели. Вечерата не би се квалификувала како добротворна акција, бидејќи примарна цел не е да се соберат средства за добротворни цели. Уште повеќе, во собраниска процедура е закон за нафтени деривати чиешто донесување негативно ќе се одрази на профитот на компанијата. Пратеникот/пратенбичката треба да го одбие учеството на ваков настан со оглед на фактот дека неговото/нејзиното присуство може да биде протолкувано како одреден вид поддршка на заложбите на компанијата.*

***Пример 12.*** *Добротворна организација организира прием за собирање средства и веднаш по приемот добротворната организација организира вечера на која се поканети само одредени ВИП гости. Поканетиот пратеник/пратеничка може да ја прифати покана од добротворна организација да присуствува на приемот во рамките на добротворниот настан, но не би требало да присуствува и на вечерата, доколку вредноста на што е послужено излегува од дозволениот максимум.*

***Пример 13.*** *Непартиска, непрофитна организација организира ручек со истакнати академци кои дискутираат на теми поврзани со надворешна политика. Организацијата поканува околу 15 лица на ручек, вклучувајќи и некои членови на Собранието. Пратениците можат да присуствуваат на настанот и да го прифатат ручекот.*

Дозволено и прифатливо е примање на подароци со симболична вредност при традиционално гостопримство, во рамките на традиционалните обичаи и кои не предизвикуваат сомнеж за непристрасно извршување на должноста од страна на пратениците.

***Пример 14.*** *Пратеник/пратеничка е во посета на рурални подрачја и за време на посетата од градоначалникот на подарок добива традиционално рачно изработено грне од страна на локалните жители. Пратеникот/пратеничката може да го прифати подарокот како предмет од протоколарна природа, доколку истото ја надминува дозволената вредност.*

***Пример 15.*** *Пратеник/пратеничка е во посета на рурални подрачја и за време на неговата/нејзнината посета држи говор на организиран настан. Организацијата која го спонзорира настанот муи/ подарува скапо кристално пенкало. Бидејќи пенкалото нема симболична вредност и не е од протоколарна природа, не треба да биде прифатено, доколку истото ја надминува дозволената вредност.*

Пратениците можат да прифатат подарок од блиско лице само ако е во согласност со одредбите за подароци и кој не се дава, односно прима во врска со функцијата и заради потреба да се изврши одредено влијание.

***Пример 16.*** *Пратеник/пратеничка е поканет/а на лов од страна на пријател кој е член на ловечки клуб и според правилата на клубот, гостинот на член на клубот кој за првпат учествува во лов не плаќа паричен надоместок. Сепак, учеството во ловот од страна на пратеникот/пратеничката ќе се смета за подарок, чија вредност соодветствува на износот што клубот вообичаено го наплатува за учество во лов. Доколку вредноста на учеството е пониска од утврдената вредност на дозволените подароци потребно е да се внимава да не се прифатат дополнителни услуги во вид оброк, пијалаци и слично кои кумулативно би ја надминале прифатливата вредност па подарокот.*

***Пример 17.*** *Доколку пратеник/пратеничка е почестен/а во ресторан од страна на бизнисмен кој е негов/нејзин познаник, не треба да нарача скап оброк или едноставно треба сам/а да си ја плати сметката, доколку истата го надминува дозволениот максимален износ на подарок кој може да биде примен.*

Во текот на една година, пратениците можат да прифатат подароци од едно лице во износ од 100 евра во денаска противвредност, но доколку подароците се повторуваат и нивната кумулативна вредност го надминува дефинираниот износ, пратениците не може да ги прифатат подароците/услугите со едноставно доплатување. Наместо тоа, треба да се одбијат подароците или лично да ја платат нивната противвредност во целост.

***Пример 18.*** *На пратеник/пратеничка му/и се нуди билет за концерт во вредност од 7.000 денари. Пратеникот/пратеничката не може да го прифати билетот едноставно со доплата на понудувачот. Доколку пратеникот/пратеничката сака да го прифати билетот, соодветно е тој/таа да го плати билетот во неговата полна вредност од 7.000 денари.*

***Пример 19.*** *На пратеник/пратеничка му/и е понуден билет за фудбалски натпревар од блиско лице чија вредност е 2500 денари. Пратеникот/пратеничката може да го прифати подарокот, но не може да прифати ист подарок повеќе од 3 пати во годината од истиот давател.*

Пратениците може да прифатат подароци од меѓународни организации, во рамките на изразување гостопримство согласно протоколот. Пратениците може да прифатат патување, сместување и оброци од странска влада и меѓународни организации, доколку патувањата се поврзани со службените должности на пратениците. Сепак, вакви патувања не се прифатливи доколку се понудени од страна на лобист или агент на странска држава.

***Пример 20.*** *Амбасадата на Франција во Скопје поканува пратеници од сите пратенички групи во Собранието да присуствуваат на вечера во амбасадата. Пратениците треба да ја прифатат поканата.*

***Пример 21.*** *Претставник на НАТО поканува пратеник/пратеничка кој е член на законодавно-правната комисија во Собранието, на меѓународна конференција на која ќе се разговара за законодавството во областа на одбраната што се однесува на земјите од западен Балкан. Пратеникот/пратеничката може да ја прифати поканата.*

***Пример 22****. Доколку адвокат кој е регистриран како странски лобист покани пратеник/пратеничка на ручек за да разговара за законодавството на државата во одредена област, пратеникот/пратеничката не треба да го прифати ручекот, а доколку го прифати треба соодветно да биде ножтирано во согласност со Законот за лобирање[9].*

## 3.3 Вработување и пост-вработување

Пратениците за време на траењето на мандатот ги почитуваат правилата за неспоивост на функцијата која ја вршат со други функции или дејности утврдени во Уставот и законите. Пратениците за време на својот мандат нема да работат во насока на обезбедување на идно вработување за себе или за блиско лице, користејќи ја својата функција и влијание.

Според изборниот законик, пратениците ги имаат следните ограничувања во однос на вработувањето:

1. Функцијата пратеник е неспојлива со функцијата претседател на Републиката, претседател на Владата, министер, судија, јавен обвинител, јавен правобранител, народен правобранител и со други носители на функции кои ги избира или именува Собранието и Владата на Република Северна Македонија.
2. Функцијата пратеник е неспојлива со функцијата градоначалник и со член на совет во општината и градот Скопје.
3. Функцијата пратеник е неспојлива со:
   - извршување на стручни и управни работи во органите на државната управа;
   - извршување на стопанска или друга профитна дејност; и
   - членување во управни одбори на јавни претпријатија, јавни установи, фондови, агенции, заводи и во други правни лица, како и со изборот на претставник на државниот и општествен капитал во трговските друштва.
4. Со денот на верификацијата на мандатот за пратеник, работниот однос им мирува.
5. Со денот на верификацијата на мандатот за пратеник, работниот однос во стопанската или друга профитна дејност им мирува, а членувањето во управни одбори на јавни претпријатија, јавни установи, фондови, агенции, заводи и во други правни лица, како и претставник на државниот и општествен капитал во трговските друштва им престанува.

[9] Закон за лобирање, https://dksk.mk/wp-content/uploads/2021/06/Zakon-za-lobiranje.pdf

***Пример 23:*** *Пратеник/пратеничка чија примарна професија е универзитетски професор, за време на извршувањето на пратеничката функција продолжува да ја извршува својата примарна професија, иако таа формално е ставена во мирување. По одржан испит со група студенти, од страна на еден од студентите поднесен е приговор на резултатите на добиената оцена по предметот кој пратеникот/пратеничката го предава. Со оглед на тоа што работниот однос на професорот/ката, а сега пратеник/пратеничка е во мирување, се јавува сериозен проблем околу процесуирањето на приговорот и неговото разрешување. Пратеникот/пратеничката не смеел да си дозволи да извшува работа во време на мирување на работниот однос и со тоа да предизвика ситуација со правни последици, која во истовреме го нарушува интегтитетот и на пратениците, на Собранието и на Универзитетот, односно факултетот каде претходно ја извршувал својата примарна професија.*

Основно правило е дека пратениците не смеат да ја користат својата позиција за лична корист, вклучително и каква било придобивка што би имале во форма на надомест за надвор од работното место, односно функцијата која ја извршуваат.

Согласно Кодексот пратениците не може да добиваат надомест од надворешно правно или физичко лице, со цел да се изврши влијание врз функцијата на пратеникот/пратеничката. Една од целите на овие правила и стандарди е да се исклучат судирите на интерес. Иако терминот „судир на интереси" може да биде предмет на разни толкувања во општа употреба, според Деловникот, овој термин означува ситуација во која функцијата на пратеникот се коси со неговите приватни економски работи.

Постои зголемена загриженост дека практиката на прифаќање на хонорари од страна на пратениците, особено од групи кои настојуваат да остварат влијание во законодавството, се заканува да го наруши институционалниот интегритет на пратениците и на Собранието. На овој начин се зголемува перцепцијата на јавноста дека хонорарите се начин за остварување на посебни, лични интереси преку кои се влијае или се обезбедува пристап до пратениците во Собранието.

Во таа насока, а со цел спречување на ситуации кои го компромитираат интегритетот на пратениците и на Собранието, пратениците мора да регистрираат индивидуални исплати во износ поголем од износот утврден со интерниот акт на Собранието којшто ја уредуваа оваа материја, што ги добиваат за секоја извршена работна задача надвор од Собранието. Исто така, тие мора да ги регистрираат индивидуалните исплати од ист извор чија кумулативна вредност го надминува пропишаниот износ, во текот на една календарска година.

Во однос на ангажман на пратениците во настава на универзитетите, високите школи или други научно-истражувачки институции, како и во врска со активности поврзани со интелектуалните услуги и авторските права се препорачува пратениците претходно да побараат и да добијат одобрување од надлежното тело пред да бидат ангажирани за платена настава или издавање книга. Пратениците, исто така, подлежат на одредени ограничувања по завршување на мандатот во Собранието. Кога постои потенцијален судир на интереси во врска со дополнителни приходи или други активности остварени надвор од работното место, препорачливо е пратениците да се консултираат со Комисијата, односно да го искористи механизмот на доверливо советување пред да ја прифатат позицијата, односно ангажманот.

Судир на интереси може да се појави кога потенцијалниот иден работодавач е субјект кој има специфични интереси пред Собранието. Во никој случај, пратениците не учествуваат во лобирање во име на која било приватна организација или лице, дури и на некомпензирана основа, бидејќи тоа би било во спротивност со општата обврска на пратениците кон јавноста.

***Пример 24.*** *Организација што работи на развој на собраниска програма му нуди на пратеникпратеничка ангажирање со скратено работно време како директор на таа програма. Бидејќи таквата позиција е потребно да биде извршувана професионално, а уште повеќе што таа позиција најверојатно ќе бара употреба на контакти и информации добиени преку функцијата на пратеникот/пратеничката, тој/таа мора да ја одбие понудата.*

Пратениците може да ги прифатат следните компензации за извршени услуги и активности кои не се сметаат за хонорари:

- Наградите за различни достигнувања. Ако на пратеник/пратеничка му се доделува награда, спомен или подарок на настан, не се смета дека предметот е хонорар, освен ако не е даден конкретно во однос на ангажманот или обраќањето на пратеникот/пратеничката. Слично на ова, пратеник/пратеничка може да прифати награда за уметничко, литературно или ораторско достигнување во јавна постапка согласно утврдени критериуми. Но секако, таквата награда мора да биде прифатлива согласно правилата за примање на подароци и други придобивки.
- Платени ангажмани за изведување на уметнички дела и кога уметноста, музичкиот или атлетскиот талент на пратеникот/пратеничката е причина за исплата на хонорар, а не статусот на лицето како пратеник/пратеничка во Собранието.
- Плаќања за авторски дела, поезија, текстови или сценарио, кога плаќањето не се дава заради пратеничката функција на авторот.

***Пример 25.*** *Непрофитна организација му нуди на пратеник/пратеничка кој/а работел/а во областа на надворешна политика 10.000 денари за да напише статија за развој на меѓународни односи. Пратеникот/пратеничката може да ја напише статијата и може да прифати надомест за услугата затоа што се работи за изработка на авторско дело.*

***Пример 26.*** *Пратеник/пратеничка пишува статија за ретки болести за списание за природна медицина. Написот го пишува во слободно време, користејќи го својот домашен компјутер. Предметот на статијата нема никаква врска со неговите/нејзините службени должности или статус, а списанието нема интереси што би можеле да бидат суштински погодени од извршувањето на неговата/нејзината функција. Пратеникот/пратеничката може да прифати компанзација за написот во списанието.*

***Пример 27.*** *Пратеник/пратеничка е ангажиран/а во спроведување на истражување и анализа на предмети кои не се поврзани со извршувањето на неговата/нејзнината функција. Со оглед дека истражувањето/пишувањето не е поврзано со неговите/нејзните примарни пратенички одговорности и должности, прифаќањето на надоместокот за интелектуалните услуги е дозволено.*

***Пример 28.*** *Пратеник/пратеничка е позната виолинист/ка. Повремено го/ја покануваат да настапува со локалниот симфониски оркестар на вечерни и викенд концерти, при тоа прима компензација во износ како и другите музичари од оркестарот. Под услов да биде ангажиран/а врз основа на личниот талент, а не врз основа на неговиот/нејзиниот статус, прифаќањето на компензација за овие настапи е дозволено.*

***Пример 28.*** *Пратеник/пратеничка музичар изведува музички дела навечер и за викенди со свирење на пијано за што не наплатува надомест. Лобист дознава за оваа авокација и се нуди да го ангажира пратеникот/пратеничката да свири во неговата фирма за Божиќна забава. Тој нуди да плати двојно поголем хонорар за таков ангажман од оној кој пратеникот/пратеничката го добива за изведбите пред да стапи на функцијата пратеник. Пратеникот/пратеничката мора да ја одбие понудата.*

Исто така, пратениците не смеат да извршуваат никакви професионални активности кои се косат со одредбите од Законот за пратеници и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите, како на пример: да спроведуваат операции или да ординираат доколку нивната примарна професија е лекар; да обезбедуваат адвокатски услуги доколку нивната примарна професија е адвокат; да изведуваат редновна настава на универзитетите доколку нивнатта примарна професија е универзитетски професор и слично.

Кога пратеник/пратеничка или член на неговото/нејзиното семејството има директна финансиска корист (како што е плата) од одредена организација, пратеникот/пратеничката не може да соработува со истата организација и за таа соработка да прима хонорари.

***Пример 30.*** *Пратеник/пратеничка држи говор пред трговско здружение во Прилеп во кој се осврнува на предложените промени во легислативата за поттикнување на самовработувањето и развојот на мали бизниси. Здружението ги покрива трошоците за патување, храна и сместување на пратеникот/пратеничката. Наместо да прими хонорар, пратеникот/пратеничката инсистира средствата од здружението кои се наменети за неговото/нејзното учество на настанот да бидат донирани на старт-ап бизниси во градопт. Донацијата би можела да биде прифатена.*

***Пример 31***. *Пратеник/пратеничка пишува статија која ќе биде објавена во списание. Списанието во нормални услови би платило 10.000 денари за ваков вид на напис и го прашува пратеникот/пратеничката дали би сакал/а тој износ да биде дониран на добротворна организација. Пратеникот/пратеничката поддржува одредена добротворна организација во неговиот/нејзниот роден град која работи со бездомници и во која работи неговата/нејзнината сестра како советник. Бидејќи неговата/нејзнината сестра добива директна финансиска корист од организацијата (нејзината плата), пратеникот/пратеничката не може да ги донира средствата што му следат од списанието. Средствата можат да бидат донирани, но на друга добротворна организација.*

Пратениците не извршуваат активности за времетраење на мандатот кои се во насока на нивно идно вработување користејќи ја својата функција. Пратениците не смеат да прифатат какви било поволности или придобивки за идни ангажмани или вработување кои настанале под околности кои можеле да влијаат врз извршувањето на функцијата.

***Пример 32.*** *Консултантска фирма специјализирана за спроведување на обуки за државни службеници му нуди договор за консултански услуги на пратеник/пратеничка кој главно се однесува на креирање и испорака на обуки за државните службеници и советодавна улога во работни спорови. Фирмата се надева дека ќе привлече нови клиенти со вклучување на пратеникот/пратеничката во обуките и споделување на неговата/нејзината експертиза и искуство. Пратеникот/пратеничката не смее да прифати ваков ангажман.*

Пратениците имаат право на следниве видови приходи:

- Пратеничка плата и износи платени за пензиско и здравствено осигурување;
- Надоместок за работа или услуги испорачани пред започнување на мандатот на пратениците;
- Профит или бонус од акции, издавање на недвижен имот;
- Износи добиени од трговија или деловно работење контролирано од семејството во кое и пратениците имаат свој удел; и
- Авторски права добиени од етаблирани издавачи под вообичаени договорни услови.

### 3.3.1 Вработување на сопружници и блиски роднини на пратеници

Брачниот партнер на пратеник не е спречен да работи и заработува плата, но пратеникот не смее на било каков начин да влијае за идно вработување или унапредување на роднина, вклучително и брачен другар. Ако вработен во стручната служба на Собранието стапи во брак со пратеник/пратеничка, службеникот може да остане на своето работно место, но е несоодветно да добие унапредување за времетраење на мандатот на неговиот сопружник.

***Пример 33:*** *Брат на пратеник/пратеничка е избран на висока раководна позиција во извршната власт. Пратеникот/пратеничката поднесува оставка на пратеничката функција бидејќи смета дека е дискутабилно колку пратеникот/пратеничката би бил/а субјективен/а во вршењето на пратеничката должнопст за контрола и надзор над извршната власт. Иако, ваквата изборот на изборот на братот на пратеникот/пратеничката на функција во извршната власт е законски, легитимен и согласно системот на заслуги, оставката од пратеничката функција е израз на морална одговорност и пренесува силна морална порака за вредностите на етичкото постапување во јавноста.*

### 3.3.2 Регистрација на други приходи

Пратениците мора да ги регистрираат следниве придобивки:

- плата, надоместоци и плаќања во натура добиени за извршени услуги;
- трошоци што се оданочуваат, додатоци и придобивки;
- отпремнина и доброволни исплати.

Пратениците треба да ги обезбедат следниве информации за дополнителните приходи:

- името и адресата на лицето што ја врши исплатата, како и краток опис на неговата деловна активност;
- името и адресата на кој било клиент кому пратеникот лично му обезбедил услуги, доколку се разликува од лицето што ја врши исплатата и краток опис на неговата деловна активност;

- износот на добиената исплата, природата и вредноста на какви било придобивки што се оданочуваат;
- природата на извршените услуги и бројот на работни часови на коишто се однесува секоја исплата;
- датумот кога е примена уплатата (или, доколку сè уште не е примена, датумот кога е завршена услугата).

Собранието, односно надлежната служба води интерна евиденција на ваквиот тип на приходи за кои не постои обврска да се пријавуваат во Анкетниот лист на пратеникот/пратеничката. Оваа интерна евиденција е дел од Регистарот на интереси на пратениците кој го води Собранието.

### 3.3.3 Ограничувања по завршување на пратеничка функција

По завршувањето на мандатот, пратеникот/пратеничката продолжува да се води според принципите на законитост, чесност, објективност, транспарентност, отчетност и интегритет. Односите на пратеникот/пратениччката со Собранието, во врска со која било привилегија или обврска продолжуваат и по завршувањето на мандатот.

Пратениците по завршување на мандатот нема да прифатат вработување кај работодавач со кој биле во тесна соработка или поседувале информации кои би можеле да ги стават во привилегирана положба во однос на останатите кандидати. Секој поранешен пратеник/пратеничка, кога има сомнежи дека неговиот/нејзниот ангажман во новиот работен однос е содржан во случаите на ограничувања предвидени во споменатата норма од Кодексот, може да го искористи механизмот на доверливо советување.

Во однос на пост вработувањето, односно вработувањето по завршување на мандатот пратениците, постојат одредени ограничувања согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, и тоа:

Пратеникот во рок од три години по престанокот на вршењето на функцијата, не може:

- да се вработи во трговското друштво во кое вршел надзор или имал воспоставено каков било договорен однос при вршењето на на функцијата пратеник,
- да стекне по кој било основ акции односно удели во правното лице во кое работел, односно вршел надзор како пратеник.

Пратеникот во рок од две години по престанување на мандатот, не може:

- да врши застапување како претставник на меѓународна или друга организација која со Собранието во моментот кога изввршувал функцијата пратеник има или воспоставува договорен, односно деловен однос,
- да застапува правно или физичко лице  пред Собранието во предмети за кои како пратеник/пратеничка учествувал/а во донесување на одлуки,
- да врши работи на управување или ревизија во правното лице во кое најмалку една година пред престанокот на вршењето на функцијата пратеник, неговата работа била поврзана со супервизорска или надзорна функција.

Доколку пратеникот/пратеничката во рок од три години по завршувањето на мандатот основа трговско друштво или започне да се занимава со дејност со која се остварува профит во областа во која работел како службено лице, е должен/а во рок од 30 дена за тоа да ја извести Државната комисија за спречување на корупција.

***Пример 34****: Собранието по отворена и транспарентна постапка склучува договор со ИТ компанија која треба да го изработи сефтверот за канцелариско работење за потребите на Собранието. Пратеникот/пратеничката која за време на воспоставувањето на договорниот однос на Собранието со избраната ИТ компанија, го/ја извршувала функцијата пратеник, во рок од 2 години по завршување на мандатот не може да биде застапник или претставник во споментата ИТ компанија, иако директно не учествувал/а во процедурата за нејзин избор.*

Постојат и трајни ограничувања кои се поврзанисо чувањето доверливи информации, а кои пратеникот/пратничката ги добиле за време на извршувањето на мандатот, поради функцијата што ја извршувале. Прекршувањето на правилата за чување на информација класифицирана како „државна тајна“ е казниво согласно позитивните законски прописи[10].

Пратениците кои својата пратеничка плата сакаат да ја донираат на друго лице, хумантирана организација или друга организација во заедницата, мора да ја пријават донацијата во Регистарот.

---

[10] Закон за класифицирани информации, https://www.dbki.gov.mk/files/pdf_files/Zakon_za_klasificirani_informacii-konsolidiran_tekst.pdf



NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE
IDSCS
Центар за управување со промени

Пратениците кои имаат склучено договор за работа во времетраење од дванаесет или повеќе месеци, во време пред да почнат да ја извршува функцијата и за кои е предвидена редовна исплата, а договорните услуги не се косат со законските одредби за неспоивост на функциите, треба за потребите на Регистарот да ги обезбедат информации за следново:

- договорниот датум на почеток и (доколку го има) на завршување на договорот;
- природата на договорните услуги, вклучително придобивки што се оданочуваат и плаќањата во натура;
- фрекфенцијата на договорените плаќања и договорените датуми за исплата.

# 4. СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

## 4.1 Спречување на судир на интереси

Пратениците поради природата на нивната функција можат често да бидат изложени на ситуација која може да биде протолкувана како судир на интереси. Пратениците мораат постојано да внимаваат и да балансираат помеѓу различни видови на интереси: национални, бизнис, политички и лични. Овие околности предизвикуваат пратениците секојдневно да се соочуваат со одредени етички дилеми, особено поради фактот што дел од пратениците доаѓаат од реалниот сектор и нивната претходна професионална афилијација може потенцијално да влијае на извршување на функцијата. Покрај ова, пратениците се предмет на интензивно набљудување од страна на медиумите, граѓанскиот сектор и јавноста во целина. Поточно, да се биде пратеник подразбира вклучување во политичкиот процес каде што се спојуваат различни спротиставени интереси.

Судирот на интереси, генерално се дефинира како ситуација во која приватните финансиски интереси на пратениците се косат со јавниот интерес. Пратениците често застапуваат економски интереси кои кореспондираат со интересите на нивните избирачи, и поради тоа некои интереси, особено оние кои се однесуваат на поголема група на граѓани, се својствени за парламентарниот систем на управување и не се сами по себе нужно неетички. Од друга страна, тесниот судир на интереси кој е ограничен на пратеникот или негови блиски лица, и кој има потенцијал да премине во корупција кога пратеникот ја

користи својата функција на влијание за да ги подобри своите лични финансиски интереси илин положба може да биде сериозно прекршување на законите и на кодексот. Од таа причина, од исклучително значење е идентификувањето на ситуации кои се дефинираат како судир на интереси во кои кај пратеникот, личните финансиски интереси потенцијално можат да влијаат на извршувањето на функцијата, односно одлучувањето. На пратениците мора да им биде посочено да избегнуваат ситуации кои ќе претставуваат сомнеж за неетичко однесување и судир на интереси.

Правилата што се однесуваат на спречување на судир на интереси на јавниот и приватниот интерес се дефинирани како во Законот за спречување на корупција и судирот на интереси, така и во други прописи кои уредуваат соодветни области.

Целите на регулирање на судирот на интереси се пошироки и во пракса го вклучуваат следново:

- Да се спречи појавата на судир на интересите;
- Да се воспостават правила што се однесуваат на судирот на интересите во ситуации каде што тие се јавуваат;
- Да им се дадат упатства на пратениците и да им се овозможи полесно да се заштитат од потенцијален судир на интереси.

Потенцијалните судири на интереси се однесуваат на различни прашања како што се:
- Повреда на општите принципи при вршење јавна функција;
- Примање подароци;
- Добивање други придобивки;
- Политички активности;
- Лобирање;
- Непотизам;
- Членства во одбори, невладини организации, компании и непрофитни организации;
- Приклучување кон синдикати или други здруженија;
- Вклучување во инвестиции кои потенцијално се во спротивност со јавната функција;
- Поседување и тргување со информации;

- Претставување и дејствување за странски земји;
- Злоупотреба на сопствената позиција за приватна корист;
- Злоупотреба на државен имот;
- Финансиски интереси;
- Почесни позиции;
- Покани за учество на настани и др.

Ситуации што можат да претставуваат судир на интересите вклучуваат:

- Лобирање до членовите на Собранието за прашања поврзани со област на работа од личен интерес;
- Случаи кога работните активности се користат за приватни цели или придобивки, како што е користење на информации добиени на работно место за инвестирање во одредени компании;
- Прифаќање подароци за кои може да се смета дека се наменети со цел да се влијае врз пратеникот во извршувањето на неговата функција;
- Набавка на стоки или услуги за службени потреби од компанија со која пратеникот има лични, семејни или финансиски интереси или врски;
- Вклучување во кој било процес на набавка, добавувачи, изведувачи или клиенти со кого пратеникот има лични, семејни или финансиски интереси или врски;
- Влијание или одлучување за назначување или услови за работа за секој со кого пратеникот има лична или семејна врска и др.

***Пример 1.*** *Пратеник/пратеничка поседува куќа која се наоѓа во урбанизирано градско подрачје, а сепак истата е дивоградба. Пратеникот/пратеничката покренува иницијатива за донесување на Закон за легализација на дивоградби. Ваквата ситуација претставува директен судир на интересите.*

***Пример 2.*** *Пратеник/пратеничка добива информација на работното место дека една компанија ќе биде купена од странски инвеститор и се очекува нејзините акции нагло да пораснат. Врз основа на информациите пратеникот/пратеничката и неговото/нејзиното семејство купуваат акции во посочената компанија. Ваквиот случај претставува судир на интереси бидејќи пратеникот/пратеничката ги искористил/а информациите со кои се стекнал/а преку вршење на својата функција за лична корист и корист на членовите на семејството.*

***Пример 3.*** *Пратеник/пратеничка добива интерни информации од службите на Собранието дека е отворено ново работно место, и при тоа врши влијание на споменатото место да се вработи неговата/нејзината сестра. Ваквиот случај се квалификаува како тргување со влијание, односно користење на функцијата заради стекнување на корист за членови на семејството или други блиски лица.*

Пратениците кои можат да се најдат во некоја од ситуациите опишани погоре, не смеат да дозволат влијание чија цел е приоретизирање на личниот интерес кој се коси со јавниот интерес.

Примерите, исто така, покажуваат дека видовите на интереси со кои може да се дојде во судир се разновидни. Во фокусот на законите за судир на интересите, обично е личниот интерес, и обично се подразбира како личен финансиски интерес. Сепак, личните интереси можат да бидат и нефинансиски или пак посредно да придонесуваат за финансиски интереси на други лица. Покрај личните интереси, постојат и други интереси кои не се директно лични, а може да дојдат во судир со јавниот интерес. Пратениците, на пример, се или можат да бидат предмет на интереси на нивните избирачи и/или на нивната партија, така што тие можат да бидат подложени на притисок од двете страни за да донесуваат одлуки кои се спротивни на јавниот интерес. Очигледен пример е притисокот да се користи нивната позиција за изборна корист на политичката партија во која членуваат.

## 4.2 Интереси на пратеникот и членовите на семејството

Пратениците имаат интерес ако тие (или нивни близок роднина или соработник) поседуваат имот, поседуваат акции, имаат позиција во компанија што аплицира за државна работа или добиваат бенефиции (како што се тендери, концесии, субвенции, попусти, подароци или гостопримство) од одредени извори. Тие можат да произлезат од лични или семејни односи или други активности. Тие вклучуваат каква било склоност кон предрасуди кои произлегуваат од пријателство, непријателство или друга лична вмешаност со друго лице или група. Одредени интереси се лични: како жител на град или провинција, како родител, сопруг/а или дете итн. Другите интереси произлегуваат од репрезентативната улога: како член на законодавниот дом и/или како член на политичка партија. Понатамошните интереси произлегуваат од надворешните активности како член на неполитичка организација, како бизнисмен, консултант, претприемач, вработен и сл.

*Пример 4. Собранието распишува тендер за набавка на услуги. Еден од понудувачите е компанија во сопственост на сопругата на пратеник кој има актиелен мандат. Компанијата која е во сопственост на сопругата на пратеникот не може да учествува на тендерот бидејќи има судир на интереси.*

## 4.3 Изјава за судир на интереси

Пратениците ги регистрираат интересите во Регистарот на интереси на пратениците кој го води Собранието. Пратеникот не ги прикрива интересите, туку ги пријавува своите интереси и интересите на членовите на семејството на почетокот на мандатот и тие се регистрираат во Регистар на интереси. Во случај на сомнеж за судир на интереси кој се јавил за време на извршувањето на функцијата, изјавата на пратеникот може да се дополни во кое било време. Доколку се случи ситуацијата во која пратеникот/пратеничката констатира дека предметот на работа кој се разгледува на пленарна седница или на сединица на работните тела може да претсуавува потенцијален судир на интереси, се препорачува тоа јавно го истакне на почетокот на седницата со што се нотира во записникот и се доставува до надлежната служба за да биде забележана во Регистарот на интереси. Пратеникот/пратеничката кој/а веќе пријавил интерес може да се повика на запис во Регистарот. Сепак, доколку е потребно пратеникот/пратеничката треба да даде дополнителни информации за подобро појаснување на постоечките информации.

Изјавата за интереси на пратениците овозможува, јавноста да биде информирана за какви било интереси поврзани со работењето или одлучувањето на пратениците. Барањето да се пријават сите интереси се применува во моментот кога пратеникот е избран и се однесува на речиси сите аспекти на парламентарните должности на пратеникот/пратеничката.

Случаите на судир на интереси за пратениците, може да бидат:

- состојба на постојан судир на интереси; или
- состојба на повремен судир на интереси.

Во случај судирот на интереси да биде поврзан со предмет или нацрт-закон што се разгледува во собраниските комисии, тела или на пленарната седница, а која не е регистрирана во Регистарот, изјавата за судир на интереси мора да се даде веднаш на првата седница свикана за разгледување на предметот, или во секој миг при првата седница на која е присутен пратеникот/пратеничката.

Кога други пратеници, медиуми или независни организации објавуваат информации или покренуваат иницијативи за констатирање на судир на интереси во врска со некој пратеник/пратеничка, случајот по службена должност го разгледува органот/телото надлежено за следење на примената на Кодексот, како и другите надлежни институции.

Собранието води интерен Регистар на интереси. Содржината, начинот на пријавување и водењето на Регистарот се уредуваат во посебен акт кој го донесува Собранието. Обврската за пријавување и објавување на личните интереси во посебен регистар на Собранието, според одредбите на Кодексот, се водат и во функција на транспарентност и отчетност. Собранието го води, ажурира и објавува Регистарот. Регистарот содржи податоци што произлегуваат од изјавата за приватни интереси, како и податоци за изјавите дадени од пратеник за состојба на повремен судир на интереси за одредени прашања. Регистарот ги содржи најмалку следниве податоци:

- Името на физичко или правно лице со кое пратеникот имал граѓанско-правен договор или каква било друга врска што резултирало со генерирање приходи за пратеникот/пратеничката и што претставува постојан судир на интереси;
- Права над капиталот на компаниите во сопственост на брачниот другар/партнер, возрасни деца и родители на пратеникот/пратеничката;
- Изјава на пратеникот/пратеничката во врска со привремен судир на интереси за одредени прашања кои се дискутираат во законодавниот дом;
- Краток опис на природата на судирот на интереси;
- Одлуки на надлежното тело за дисциплински мерки преземени против пратеникот/пратеничката, а поврзани со состојбата на судир на интереси.

Од пратениците не се бара да пријават интерес:

- при редовна постапка за одлучување во Собранието. Сепак, доколку пратеникот/пратеничката има релевантен интерес што треба да се регистрира, а сè уште не е регистриран, треба да се обиде таквиот интерес да го регистрира пред почетокот на седницата, односно во најкус можен рок;
- доколку таквиот интерес е придобивка достапна за сите пратеници, како, на пример, пратеничката плата или трошоци покриени од собрански извори или од планот за собраниски трошоци; или
- доколку станува збор за придобивка обезбедена од партијата на пратеникот/пратеничката и се однесува на поголема група на пратеници.

***Пример 5.*** *Брат на пратеник/пратеничка поседува акции во акционерско друштво „Легури“ АД, што е пријавено на распишан тендер за јавна набавка од Собранието. Имајќи го предвид фактот дека акцинонерот на компанијата „Легури“ АД, е во блиска роднинска врска со пратеник/пратеничка во Собранието, во овој случај би имало директен судир на интереси. Забраните за пратениците важат и за нивните сродни лица.*

## 4.4 Постапување во случај на судир на интереси

Во случај на судир на интереси пратениците се должни да побараат мислење од Државната комисија за спречување на корупција и да го известат Претседателот на Собранието. Собранието, за секој нов мандат, во рок од три месеци од поднесувањето на изјавите за судир на интереси, ја испраќа комплетната листа на пратеници на верификација и проценка до ДКСК, заедно со дел од пополнетите изјави со податоци за учество во капитал на компании. За целите на оваа проверка, а и тековно согласно потребата, се испраќаат на утврдување и случаите во кои постои сомнеж за евентуален судир на интереси на пратениците на понатамошно постапување во ДКСК. Ако ДКСК констатира дека кај некои од пратениците постои судир на интереси се постапува согласно позитивните законски прописи.

Во случај на можност за постоење судир на интереси, пратеникот/пратеничката е должен/а да ги преземе сите неопходни мерки согласно закон, за да се спречи влијанието на приватниот интерес врз извршувањето на функацијата, како и да ги преземе сите неопходни мерки и чекори за надминување на судирот на интереси во најкус можен рок, по што го известува Претседателот на Собранието и Државната комисија за спречување на корупција.

### 4.5 Членство во органи на други субјекти и организации

Пратениците не може истовремено да вршат функција на одговорно лице или член на орган на управување или надзорен орган во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал, ниту пак да членуваат во управен одбор или друг орган на управување во трговско друштво или друго правно лице што се занимава со дејност со која се остварува профит, согласно одредбите од Законот за спречување корупција и судир на интереси.

### 4.6 Лобирање

Правилата за лобирање се наменети за да се избегне перцепцијата дека надворешните лица или организации можат да ги наградуваат пратениците, преку исплати или на друг начин, во очекување дека нивното постапување во Собранието ќе биде од корист за тоа надворешно лице или организација. Тие го спречуваат пратеникот/преатеничката да започне постапка или да пристапи на министри, други пратеници или јавни службеници за целите на добивање финансиска или материјална придобивка за себе или за други блиски лица, од страна на лобистот или лоби организацијата. Пратениците постапуваат во односите со лобистите исклучиво согласно одредбите од Законот за лобирање.

***Пример 6.*** *Еден бизнисмен му се обраќа на пратеник/пратеничка со барање да гласа против амандманот што ќе биде поднесен за време на расправата за нацрт-законот, а кој се однесува на зајакнување на механизмите за надзор над приредувањето на игри на среќа. За ваквата услуга на пратеникот/пратеничката му/и е понуден паричен надоместок и луксузно патување на Тајланд. Ова претставува недозволена активност која за цел има интервенција во специфично законодавство. Пратеникот/пратеничката не треба да ја прифати понудата и треба да извести за средбата и предметот на дискусија.*

***Пример 7.*** *Истражувачки институт спроведува истражувачки проект собирајќи информации за опасностите од употребата на пестициди. Врз основа на собраните и анализирани податоци институтот објавува извештај којшто ги претставува предностите, недостатоците и економските трошоци на сегашните модели на употреба на пестициди и дава предлог препораки за намалување на употребата на пестициди. Извештајот заклучува дека трошоците ги надминуваат придобивките и препорачува да се донесе законодавство за контрола на употребата на пестициди. Институтот, остварува средба со пратеник/пратеничка со барање да се иницира дискусија во Собранието за донесување на ваков закон и да се обезбеди поддршката од страна на пратениците за донесување на законот. Ова претставува целосно и правично изложување на фактите во полза на јавниот интерес и е дозволено.*

Пратеникот/пратеничката не лобира за времетраење на мандатот. Пратениците можат да учествуваат во парламентарни постапки или во состаноци и дискусии со министрите, другите пратеници и јавните службеници кои можат да влијаат врз дефинирање на закон, застапувајќи ги интересите на граѓните. Пратениците не смеат да иницираат постапка или состаноци за одреден закон за која било организација или поединец од кого добиле, добиваат или очекуваат да добијат награда или надоместок. Активноста на пратеникот/пратеничката се смета за поддршка на лобист дури и во оние случаи кога иницијативата е јавно поддржана, или е дизајнирана со помош или како дел од проекти на непрофитни организации со кои пратеникот/пратеничката имал лична историја на членство или раководство во организацијата.

### 4.6.1 Активности кои не се сметаат за лобирање

За лобирање, не се сметаат активностите на лицата кои се повикани да учествуваат во процесот на подготвувањето, односно објаснувањето/имплементацијата на закони или други прописи од страна на законодавната, извршната или локалната власт без оглед дали таа своја активност ја вршат со или без надоместок.

Активностите на здруженијата на граѓани кога се однесуваат на застапување на интересите на своите членови или на определени целни групи доколку се вршат без надоместок нема да се сметаат за лобирање.

### 4.6.2 Известување за остварени средби со лобисти

Пратениците можат да остваруваат непосредни средби и состаноци со лобисти. Пратеникот/пратеничката може да побара од лобистот да ги претстави своите ставови и мислења за предметот за кој лобира во работните тела на законодавната власт на централно ниво. Пратеникот/пратеничката известува за средбите со лобистите или лоби организациите и остварен контакт со трети страни. Тој/таа во писмена форма известува и обезбедува информации за предметот на дискусија и степенот на поддршка што ќе го обезбеди за барањата поднесени од субјектите – баратели/лобисти. Информациите за средбите со лобисти и лоби организации се документираат и чуваат во рамките на Регистарот на интереси кој го води Собранието.

### 4.6.3 Регистар на лобисти

Регистарот на лобисти го води Генералниот секретар на Собранието врз основа на Законот за лобирање. Регистарот е јавен.

# 5. ОТЧЕТНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ

## 5.1 Отвореност кон граѓаните и медиумите

Собранието има клучна улога во градењето на демократскиот систем како носител на процесот преку кој граѓаните можат поделотворно да ја следат работата на институциите. Собранието и пратениците мора да бидат целосно отворени за нивната работа, а со тоа и да покажат политичка отчетност и почитување на основните принципи на демократијата. Собранието мора да дозволи непречен увид во работата преку обезбедувањето на сите релевантни информации. Неопходно е постојано да се подобрува нивото на култура на собраниската отвореност. Политиката на отвореност треба да се развива во согласнот со информатичките и комуникациските трендови, преку користење нови технологии и објавување податоци во компјутерски читлив формат. Собранието треба да биде достапно за граѓаните и медиумите, што значи дека покрај можноста за воспоставување комуникација преку телефон или е-пошта, потребно е да се иницираат иновативни канали за двонасочна комуникација со граѓаните и медиумите.

Собранието треба редовно да го објавува дневниот ред за работа на пленарните сесии и на работните тела, видео и стенограмските записи од седниците, извештаите за присуствата и начинот на одлучување на пратениците, контактите и биографиите на пратениците, годишните извештаи, како и нивните плати и средствата кои тие законски ги добиваат како надомест на патните трошоци за доаѓање на работното место. Собранието треба да обрне посебно внимание на објавувањето на заклучоците и записниците од координациите што Претседателот на Собранието ги води со пратеничките групи. Дополнително, Собранието треба транспарентно да го објавува предлог буџетот на државата и финално изгласаниот буџет. На веб страницата на Собранието треба да е објавен линк до страницата на Државната комисија за спречување корупција каде се објавуваат анкетните листови за имотот на пратениците, како и линк до националниот портал за јавни набавки.

Покрај ова, пратениците треба редовно да ги информираат граѓаните за својата работа, иницијативите кои ги преземаат, како и да споделуваат други информации кои можат да бидат од интерес за јавноста преку сите канали за комуникација кои им се на располагање.

***Пример 1.*** *Голема и влијателна енергетска компанија ги поканува сите членови на Комисијата за економски прашања да ги посетат просториите на нуклеарната централа каде што би биле информирани за нуклеарните постројки и како тие работат. Сите трошоци се покриени од страна на домаќинот. Посетата се одржува еден ден пред седницата на Комисијата на која ќе се расправа за поддршка на употребата на обновливи извори на енергија и надградба на безбедносните мерки на веќе постојните електрани. Членовите на Комисијата треба или: а) да ја одбијат поканата и да ги објават во јавноста сите релевантни информации во врска со поканата, вклучувајќи ги и имињата на пратениците што ја прифатиле поканата (доколку има); б) да ја прифатат поканата за посета на нуклеарната централа, но да свикаат прес-конференција и дадат детален извештај за посетата и разговорите кои биле водени; в) да го известат Претседателот на Собранието и органот надлежен за следење на примената на Кодексот и да побараат совет од нив за постапување во оваа ситуација.*

### 5.2 Имот

Пратеникот/пратеничката ги почитува законските обврски за пријава и контрола на имотната состојба и интереси и уредно ги пријавува промените на имотот, односно на имотот на членовите на неговото семејство, како и промената на интереси. Пратеникот/чката на отворен и транспарентен начин ја образложува легитимноста на изворите за стекнување на имотот или други материјални добра, како финансиските обврски кои ги има или ги имаат членовите на неговото семејство.

Пратеникот/пратеничката не прикрива имот или интереси и го осудува ваквото постапување од страна на другите носители на јавни функции.

***Пример 2.*** *Сопруг/а на пратеник/пратеничка наследува недвижен имот. Тој/таа е единствениот сопственик, а пратеникот/пратеничката ќе го наследи имотот доколку неговиот/ата сопруг/а почине. Пратеникот/пратеничката мора да го пријави имотот.*

***Пример 3.*** *Пратеник/пратеничка поседува викенд куќа, која ја користи еден месец во текот на годината. Остатокот од времето го изнајмува имотот на други лица. Пратеникот/пратеничката треба да го пријави овој имот, како и да ги пријави приходите кои ги добива за изнајмување на имотот.*

***Пример 4.*** *Домот на пратеникот/пратеничката вклучува простории кои месечно се изнајмуваат на закупец. Пратеникот/пратеничката кој/а живее во истата куќа мора да го пријави и приходот од изнајмување, на ист начин како што го пријавува и имотот што го поседува.*

***Пример 5.*** *Пратеникот/пратеничката поседува антиквитети вредни 500.000 денари кои се семејно наследство. Пратеникот/пратеничката никогаш не го користи предметот за комерцијални цели, туку исклучиво за потребите на семејството, сепак антиквитетот треба да биде пријавен.*

## 5.3 Други приходи

За да се постигне целосна транспарентност и да се зајкне довербата на јавноста кон пратениците тие мора отворено и транспарентно да ги прикажуваат сите свои приходи. Тоа се постигнува преку поднесување на изјава за имотна состојба и интереси согласно Законот за спречување на корупција и судирот на интереси, кој сумира финансиски информации што се однесуваат за нив, нивните родители, браќа/сестри, сопружници и издржувани деца. Меѓу другото, во овие изјави треба да обелоденат и други приходи како што се акции, удели, авторски права, инвестиции, деловни трансакции и сл.

Со цел да се обезбеди транспарентност, пратениците лично се одговорни за поднесување изјава до ДКСК во рок од 30 дена од преземањето на функцијата во Собранието. Дополнително ќе ја известат ДКСК доколку настанат какви било промени што влијаат на нивната изјава во рок од 30 дена од секоја настаната промена.

***Пример 6.*** *Пратеник/пратеничка има портфолио на акции, управувано од брокер за акции. Пратеникот/пратеничката мора да ги пријави сите акции во портфолиото во вредност повеќе од 61.500 денари на крајот на годината или кои генерираат повеќе од 6.1500 денари приход во текот на годината.*

***Пример 7.*** *Пратеник/пратеничка во изјава за финансиска отчетност прикажува акции во вредност од 70.000 денари во компанијата X. Во текот на следната година, компанијата претрпува загуби поради што не одобрува дивиденда во текот на годината и акциите опаѓаат до вредност од 50.000 денари до крајот на годината. Пратеникот/пратеничката треба да ја пријави промената на состојбата на неговите акции во компанијата X во следната изјава за финансиско отчетност, иако нивната вредност е намалена*.

***Пример 8.*** *Пратеник/пратеничка продава акции во компанијата X за 200.000 денари, при тоа реализира загуба на капитал од 50.000 денари. Пратеникот/пратеничката мора да ја пријави продажбата од 200.000 денари како трансакција. Тој/таа може да наведе дека продажбата претставува загуба, односно намалување на приходите од почетната состојба.*

***Пример 9.*** *Пратеникот/пратеничката има 25% удел во партнерство кое купува и продава недвижен имот за инвестициски цели. Партнерството купува парче имот за 60.000.000 денари. Пратеникот/пратеничката мора да го пријави партнерското купување на имот, во категоријата вредност што го рефлектира неговиот удел од 15.000.000 денари за трансакција.*

***Пример 10***. *Пратеник/пратеничка отвора сметка на име на неговата/нејзината 10-годишна ќерка на која депонира средства што ги наменил/а за да го плати нејзиното идно акадцемско образование. Пратеникот/пратеничка мора да ја пријави сметката.*

За да се обезбеди целосна транспарентност на пратениците и на Собранието, изјавите за имотна состојба и судир на интереси можат да бидат објавени и на веб страницата на Собранието.

Покрај имотот, пратениците мора да го пријават следново:

- акционерските удели (индивидуални или ко-удели, односно удели на име на нивниот брачен другар, партнер или издржувани деца);
- интереси кон ДОО или други партнерства;
- приходи од други извори.

Како добра пракса, која придонесува за зајакнување на транспарентноста на пратениците и на Собранието и која позитивно влијае на зајакнување на довербата од страна на граѓаните во пратениците и во Собранието, од пратениците се очекува да ги обезбедат и следните информации:

- назив на компанијата или организацијата;
- опис на природата на неговата деловна активност;

  датум кога е стекната сопственоста, односно уделот.

## 5.4 Обврски и заеми

Пратениците имаат обврска јавно да ги објават своите долгови и заеми, како и други облигаторни релации кои можат потенцијално да ги стават во подредена позиција или да го загрозат професионалното и објективно извршување на функцијата. Во таа насока пратениците се должни да го пријават и следново:

- сите релевантни обврски/заеми, односно облигаторни односи со трети лица кои можат потенцијално да влијаат врз постапките на пратеникот/пратеничката; и
- финансиската институција или лице кон која пратеникот/пратеничката има заем/обврска.

Од пратениците се очекува да ги обезбеди следниве информации:

- природата на заемот/обврската, односно име на донаторот;
- износ на заемот/обврската;
- датумот кога настанал заемот/обврската.

# 6. УПОТРЕБА НА ЈАВНИ СРЕДСТВА И ФОНДОВИ

## 6.1 Вонпарламентарни активности

Пратениците за време на траењето на мандатот можат да учествуваат во вонпарламентарни активности надвор од вршењето на својата службена функција, како што се соработка со меѓународни организации, волонтирање и учество во хуманитарни настани, доколку не се во спротивност со Уставот и законите. Исто така, за вонпарламентарни активности се сметаат и активностите во рамки на културните, социјалните или спортските здруженија. Секоја вонпарламентарна активност на пратениците, извршена за времетраење на извршувањето на мандатот, а која може да резултира со комбинирање на интереси и/или импликации врз извршувањето на функцијата, мора веднаш да се пријави кај надлежната служба.

За време на вонпарламентарната активност, пратениците избегнуваат контакти со лица или организации коишто може да ја нарушат довербата во нивната работа и непристрасноста во извршувањето на функцијата. За време на вршење на вонпарламентарни активности, пратениците не треба да прифатат каков било надомест или друга финансиска корист, освен оние предвидени со закон.

***Пример 1.*** *Пратеник/пратеничка е член на Ротари клуб во земјата и при тоа активно е вклучен/а во реализација на програмски хуманитарно-донаторски активности насочени кон подобрување на условите за престој и едукација во основните училишта за деца со посебни потреби. Членувањето на пратеникот/пратеничката во клубот е дозволено, но сепак тоа треба да биде пријавено кај надлежните служби и запишано во Регистарот на интереси за да се избегне можноста останатите членови во клубот да вршат влијание на пратеникот/пратеничката и да го загрозат непристрасното извршување на функцијата.*

## 6.2 Патувања

Патувањата се составен дел од работата на пратениците. Сепак, патувањата можат да бидат предмет на злоупотреба доколку не се води доволно грижа за начинот на нивното организирање и финансирање. За да се избегнат злоупотреби и да можат да се заштитат пратениците од евентуален сомнеж за злоупотреба на функцијата, потребно е да се дефинираат видовите патувања и да се поставаат основните правила за постапување согласно одредбите од Кодексот.

Патувањата можат да се класифицираат на следниов начин:

- Патување во врска со службените должности на пратеникот/пратеничката кое го финансира Собранието или државна институција (официјални посети во рамките на извршувањето на функцијата);
- Патување во врска со службените должности кое е финансирано од друг извор (официјални посети во рамки на извршување на функцијата кои се финасирани од меѓународна организација или влада на странска држава);
- Приватни патувања финасирани од сопствени средства, вклучувајќи патувања платени од роднини или пријатели;
- Патувања за политичка кампања, финасирани од политичка организација.

Во случај пратеникот/пратеничката да сака да го продолжи патувањето по завршување на службеното патување или да оди на патување пред закажаното службено патување, треба делот од патувањето кој не е директно поврзан со извршувањето на функцијата да го организира самостојно и без користење на собраниската служба и да го финасира од сопствени средства. Ваквиот вид на комбинирање на службените и приватните патувања е дозволен, но од исклучително значење е одвојување на службените од приватните патувања и временски и финасиски. Во исклучителни ситуации е дозволено пратеникот/пратеничката да користи билет за повратно патување (иако го продолжил патувањето на свој трошок), но само во случај износ од трошокот да е ист со оној предвиден за службеното патување финасирано од страна на Собранието, односно државата.

***Пример 2.*** *Собранието организира официјална петдневна студиска посета на делегација на пратеници во Лондон. По завршувањето на студиската посета, пратеникот/пратеничката сака да го продолжи патувањето за уште четири дена приватен одмор низ Велика Британија. Пратеникот/пратеничката е дозволено да прифати надомест на трошоците за превоз и сместување за престојот во Лондон за времетраење на студиската посета и за цената на авионскиот билет до и од Лондон. Пратеникот/пратеничката потоа може да го продолжи патувањата на свој трошок. Доколку продолжувањето на патувањето резултира со повисока авионска карта на повратниот билет, тој/таа треба лично да ја плати разликата.*

Пратеникот/пратеничката може да патува на различни патувања, спонзорирани од различни организации, но важно е да се третираат како поединечни последователни настани.

***Пример 3.*** *Пратеник/пратеничка добива покана од корпорација да учествува на конференција за Националниот парк Галичица за што треба да замине за Охрид на 1 февруари и да се врати на 4 февруари. Пратеникот/пратеничката исто така добива посебна покана од истражувачки институт да присуствува на научна конференција во Атина од 4 до 7 февруари. Трошоците за престој и превоз за двата настана се на сметка на организаторите. Пратеникот/пратеничката може да ги прифати овие патувања, доколку неговото/нејзиното присуство никако не ја компромитира непристрасноста во извршувањето на функцијата. Сепак, поради тоа што настаните не се директно поврзани со извршување на функцијата тој/таа е пожелно да користи слободни денови.*

Трошоците за патување можат да бидат прифатени само од субјекти што имаат значајна улога во организирањето и спроведувањето на патувањето, и исто така имаат јасен и дефиниран интерес за целите на патувањето или локацијата што се посетува. Трошоците не можат да бидат прифатени од извор што само донирал парична вредност или каков било вид на поддршка за патувањето, но нема значајна улога во организирањето и спроведувањето на патувањето.

***Пример 4.*** *Непрофитна организација која е активна на теми поврзани со одбраната одржува конференција во Охрид. Соработник на општината во областа на одбраната дознава за конференцијата и верува дека пратеникот/пратеничката ќе има корист од присуството на оваа конференција и му/и нуди да му ги покрие патните трошоци за да присуствува на настанот. Пратеникот/пратеничката не треба да ја прифати понудата на соработникот за надоместување на патните трошоци за настанот, затоа што тој нема директна и непосредна врска со организацијата на конференцијата.*

Пратениците можат да прифатат разумни трошоци за превоз, сместување и оброци од приватен извор доколку тие се поврзани со службеното патување, но тие не треба да прифатат рекреативни активности или забава доколку не се во рамките на официјалниот протокол.

***Пример 5.*** *Пратеник/пратеничка учествува на меѓународна конференција во Барселона, при тоа на дел од учесниците им се понудени бесплатни билети за посета на спортски натпревар. Пратеникот/пратеничката не треба да ја прифати понудата затоа што не е директно поврзана со функцијата која ја извршува на тоа патување и доколку сака да посети спортски или друг културен настан треба да ја плати противвредноста на билетот.*

Пратеник/пратеничка не смее да прифати какво било еднодневно или повеќедневно патување што било планирано, организирано, договорено и финансирано од лобист, лоби организација или агент на друга држава.

Пратениците можат да прифатат авионска карта или карта за воз за бизнис-класа само под ограничени услови, во случај кога: цената на таквиот билет не го надминува транспортот од деловна класа, патувањето од прва класа е потребно поради попреченост на патникот, постојат вистински безбедносни причини или летот е подолг од 14 часа.

Пратениците кои учествуваат во официјално патување, можат да патуваат со придружник, но трошоците за придружникот треба да бидат покриени од сопствен буџет.

***Пример 6.*** *Пратеник/пратеничка е поканет/а да одржи говор на организиран настан како претставник на Собранието на Република Северна Македонија во странска држава. Организацијата која е спонзор му нуди авионски билети од бизнис-класа на пратеникот/пратеничката и неговиот сопружник. Дури и билетите во економска класа за пратеникот/пратеничктата и сопружникот да чинат помалку отколку билетот во бизнис-класа, пратеникот/пратеничката не треба да го прифати билетот за неговиот придружник, туку треба да го плати од сопствени средства.*

Патувања кои произлегуваат од приватни потреби и други активности на пратениците, а кои не се поврзани со извршување на функцијата или активности поврзани со професионалните ангажмани на брачниот партнер или блиски лица на пратениците на кои пратеникот/пратеничката е придружник, треба да бидат третирани со должно внимание од страна на пратениците заради избегнување на ситуации таквите патувања да бидат протолкувани како обид за корупција или ситуација на судир на интереси.

Постојат одредени олеснувања поврзани со прифаќање на ваков тип на патувања, а кои се поврзани со следното:

- придобивките не биле понудени заради функцијата на пратеникот/пратеничката,
- придобивките се исти со оние кои по обичај им се обезбедуваат на други лица во слични околности.

***Пример 7.*** *Сопругата на пратеник е адвокат во приватна адвокатска канцеларија. Секоја година фирмата ги поканува сите свои вработени заедно со нивните сопружници на платен викенд во ексклузивен хотел. Фирмата го нуди ова патување за сите вработени секоја година, без оглед на идентитетот на сопругот на адвокатката. Во овој случај и пратеникот и неговата сопруга можат да ја прифатат поканата.*

***Пример 8.*** *Пратеник/пратеничка напишал/а книга и издавачката куќа му нуди да организира тура за промоција на книгата во земјата. Пратеникот/пратеничката може да ја прифати понудата имајќи предвид да времетраењето на турата и надоместокот се во согласност со вообичаените кои издавачот ги дава на останатите автори на книги во приватниот сектор. Секако, промоцијата треба да биде направена надвор од работното време на пратеникот/пратеничката.*

Патување кое на пратеникот/пратеничка им е дадено како подарок од страна на член на семејството, роднина или близок пријател може да се прифати, доколку пратеникот/пратеничката нема причина да верува дека подарокот бил даден заради влијание врз извршување на функцијата, а не поради семејните релации или личното пријателство.

Пратениците може да прифатат превоз, сместување и други поволности обезбедени од политичка партија на која и припаѓаат во врска со партиски должности или кампања спонзорирана од партијата.

Пратениците не смеат да прифаќаат какви били подароци, погодности, привилегии, вклучително и патувања од странска држава без согласност на надлежна служба во Собранието.

## 6.3. Учество во кампања

При учеството во партиски активности како членови и носители на функции во политички партии, кандидирање или застапување на партии и кандидати за локални, парламентарни или претседателски избори, пратениците не ја загрозуваат професионалноста во вршење на функцијата. Пратениците јасно ги разграничуваат професионалните од партиските активности, водејќи грижа за правилна употреба на средствата и ресурсите на кампањата и активности поврзани со кампањата.

Официјалните ресурси на Собранието се користат исклучиво за извршување на функцијата на пратениците во Собранието, па оттука и ресурсите не можат да се користат за спроведување на кампања или за политички цели. Соодветно на тоа, ресурсите што генерално не можат да се користат за водење кампањи или политички цели се собраниските простории и канцелариска опрема (вклучително и компјутери, телефони, скенери, принтери, факс и сл.), канцелариски материјали, службени возила, но и човечки реурси, односно вработени во собраниската служба. Меѓу специфичните активности што не може да се побараат од вработени во Собранието се: подготвувањето на говори, изјави за медумите, промотивен материјал, партиски изданија или литература; подготовка на извештаи; контактирање на гласачи; спроведување на кампања по пошта (испраќање на промотивен материјал) и сл.

***Пример 9.*** *Во изминатата година, пратеник/пратеничка бил/а многу активен/а на тема спречување и заштита од дискриминација. Една невладина организација која работи на темата сака да ораганиза кампања за промоција на недискриминацијата и сака да издаде брошура на ова тема. За таа цел, а со претходна согласност на пратеникот/пратеничката, бара од службата на Собранието копија од сите негови/нејзини изјави дадени на темата недискриминација. Собраниската служба може да обезбеди копии од бараниот материјал за потребите на кампањата.*

Материјали од архивите на Собранието не треба да се споделуваат за потребите на политичка кампања. Пратениците во Собранието не ги користат ресурсите на Парламентарниот инстиут за истражувања за потребите на политичка кампања или подготовка на други материјали за кампања.

***Пример 10.*** *Пратеник/пратеничка има право да испрати официјални честитки за празници до своите соработници и колеги. Пратеникот/пратеничката не смее да ја користи оваа привилегија да испраќа честитки до членови на семејството, пријатели, како и за време на кампања за да испраќа честитки до потенцијалните гласачи во име на функцијата која ја извршува.*

***Пример 11.*** *Пратеник/пратеничка за потребите на спроведувањето на кампањата испраќа пораки по пошта, при тоа трошоците за печатење и поштенските трошоци се на товар на политичката партија. Пратеникот/пратеничката не смее да го користи работното време на вработените во собраниската служба или други ресурси на Собранието за оваа намена.*

Дозволено е пратениците да користат моторно возило на партијата или возило изнајмено за потребите на кампањата од страна на политичката партија во која членува. Средствата наменети за кампањата на политичката партија може да се користат и за плаќање на трошоците настанати при управување на возилото, како што се осигурување, регистрација, одржување и поправка. Сепак, кога се користи возилото кое се одржува со средства од кампања на политичаката партија за лични цели, пожелно е пратеникот/пратеничката да ги покрие тие трошоци од сопствени средства со што ќе покаже дека ги раздвојува професионалните, партиските и личните активности.

***Пример 12.*** *Еден пратеник/пратеничка сака да користи возило изнајмено од страна на политичка партија за целите на кампањата за приватно патување на викенд во земјата. Таквата употреба е дозволена, доколку е со согласност од партијата, но надоместокот на трошоците за патувањето би требало да бидат покриени од страна на пратеникот/пратеникот.*

## 6.4. Однос кон средствата кои му се располагање

Пратениците внимаваат во управувањето со јавните средства да постапуваат правилно и во согласност со принципите на штедливост, економичност и рационалност, односно ги користат јавните средства единствено за потребите на извршување на функцијата. Користењето на јавните средства никогаш не треба да води до лична или финансиска корист за пратеникот/пратеничката или за кое било друго лице.

Пратениците ги користат просториите, инвентарот, финансиските, материјалните и техничките средства што им се ставени на располагање, совесно и одговорно и исклучиво за вршење на функцијата. Доколку се констатира злоупотреба на имот и на материјални ресурси за лична корист (простории, возила, алатки, опрема, канцелариски материјали и слично), надлежната служба на Собранието може да одлучи да издаде побарување за намирување на направените трошоци од страна на пратеникот.

***Пример 13:*** *Пратеник/пратеничка позајмува ретка книга за историјата на политичките системи во Западна Европа со цел да се подготови за дебата за претстојната седница на Собранието на која ќе се расправа за оваа тема. По користењето на книгата, пратеникот/пратеничката не ја враќа книгата во парфламентарната библиотека, туку ја дава на својот син кој е студент на правниот факултат за да ја употребува. Ваквото постапување е недозволиво, од прилина што книгата е сопственост на Собранието и треба да биде ов озможено да ја користат и другите пратеници.*

Исто така, информациите што пратениците ги добиваат во доверба за време на извршувањето на функцијата, треба да се користат само во врска со службените должности. Таквите информации никогаш не смеат да се користат заради финансиска или било каква друга корист.

***Пример 14.*** *Пратеникот/пратеничката кој/а живее надвор од главниот град, во текот на целиот мандат користи трошоци за патување и сместување во главниот град, иако поседува стан во главниот град кој не го пријавил во својот анкетен лист. Пратеникот/пратеничката, по откривањето на случајот, тврди дека има право на овие надоместоци бидејќи неговата/нејзината официјална адреса на живеење е на друго место, а не во главниот град. Пратеникот/пратеничката секогаш треба да се однесува кон јавните средства и фондови со соодветна грижа и рационален пристап. Ваквото однесување е недозволиво.*

# 7. ДОВЕРЛИВО СОВЕТУВАЊЕ

Со донесувањето на Кодексот како една од најсилните алатки за саморегулација, Собранието испраќа силен сигнал до јавноста за посветеноста на пратениците за постигнување и одржување високи стандарди на интегритет. Кодексот ги воспоставува основните етички принципи и вредности, но воедно ги поставува и стандардите на однесување и помага да се разјаснат границите на парламентарна дискреција. Кодексот претставува важен ресурс за пратениците што може да се користи во ориентација и консултирање во огромен број на случаи во врска со правилно извршување на одговорностите и должностите на пратениците. Исто така, Кодексот придонесува Собранието да може полесно да обезбеди основа за воспоставување и спроведување на соодветен надзор и механизми за отчетност.

За разлика од службениците, судиите и/или обвинители, пратениците не се формално обучени како да ја извршуваат функцијата. Во таа смисла, Кодексот им помага не само на пратениците по повеќегодишен мандат, туку и на новите пратеници со мало или никакво искуство, подобро да ја разберат својата улога и одговорности и она што од нив се очекува во однос на следење на правилата и процедурите при регулирање на сопственото постапување и однесување.

Иако, Кодексот и ова Упатство претставуваат иницијална водилка за посакувано и очекувано постапување и однесување на пратениците, доверливото советување е уште еден од инструментите што им се дадени на пратениците за да можат соодветно да ги обликуваат своите активности прекуадекватна примена на нормите дефинирани во Кодексот. Дури и онаму каде што Кодексот обезбедува првично водство, пристап до постојан совет и обука за помош на пратениците во професионалното извршување на функцијата и своите службени должности во различни ситуации се смета за добра практика која е вклучена во повеќето препораки на ГРЕКО. Доверливото советување е инстумент кој пратениците можат да го користат во случаите кога имаат одредена морална дилема за определена постапка или начин на однесување за кои не е јасно дефинирано препорачаното постапување во Кодексот или во Упатството или пак, имаат нејаснотии околу начинот на толкување на одредена норма. Доверливото советување се одвива преку формален, но доверлив разговор помеѓу пратеникот и органот надлежното лице/тело за доверливо советување, а предметот на разговорот и неговата содржина остануваат тајни. За доверливото советување не се изготвува записник. Целта на доверливото советување е да се осигура доследна примена на Кодексот. Доверииливото советување е дел од поширокатa рамка за интегритет и претставува додаток на институционална рамка за имплементација на Кодексот, подигнување на свеста за намерата и целите на нормите содржани во Кодесот, како и советодавна алатка која обезбедува дополнителна поддршка за пратенците при примената на Кодексот.

## 8. ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ПРИМЕНА НА ЕТИЧКИОТ КОДЕКС ЗА ПРАТЕНИЦИТЕ

Од исклучително значење за ефикасна примена на Кодексот е обезбедување на воведна обука за нормите и стандардите содржани во Кодексот заради запознавање на пратениците со неговата содржина и цел, како и заради охрабрување за негова доследна примена од нивна страна. Од овие причини се препорачува обука за пратениците за запознавање со содржината на Кодексот и начините за негова доследна примена, како и очекувањата на јавноста за постапувањето и однесувањето на пратениците во извршување на функцијата. Покрај ова, се препорачува и воведна обука за сите пратеници на почетокот на нивниот мандат, но и континуирано освежување на знаењето со кратки информативни

сесии за одредени области опфатени во Кодексот, согласно потребите на пратениците. На овој начин ќе се обезбеди систематско и континуирано градење на капацитетите за примена на Кодексот кој посредно ќе овозможи заштита и принципиелен однос кон фундаменталните етички принципи и вредности од страна на пратеници во ситуациите кога се соочуваат со одредена морална дилема.

Оваа воведна обука може да биде наменета не само за пратениците, туку и за вработените во собраниската служба, за членовите на телата надлежни за следење на примената на Кодексот, како и за претставниците на медиумите и НВО од кои се очекува да имаат значајна улога во надгледување на постапувањето и однесувањето на пратениците.

Заради соодветно поставување и примена на системите на интегритет, меѓу кои што спаѓа и почитувањето и примената на Етичкиот кодекс, но и заради јасно изразување на политичка волја системски да се работи на отстранување на недоследностите во постапувањето и однесувањето на пратениците, а во насока на градење на доверба од страна на јавноста во функцијата пратеник и Собранието како институција, капацитетите за примена на Кодексот треба да бидат постојано надградувани. Ова подразбира креирање на годишна програма за јакнење на капацитетите за примена на етичкиот кодекс, во која покрај воведната обука, ќе бидат содржани и специјализирани обуки за поединечните области опфатени во Кодексот, размена на искуства за примена и следење на примената на Кодексите во други држави, како и менторски сесии наменети за пратениците. Оваа програма би ја подготвувал Парламентарниот институт, а би била спроведувана од собраниските служи и ПИ, во тесна соработка со Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања.

Обуката за примена на Етичкиот кодекс има за цел да демонстрира како лошото однесување го поткопува легитимитетот на демократските системи, ја разнишува довербата на граѓаните, ја поттикнува корупцијата и сл. Насроти ова, оваа обука ќе им ги доближи на пратениците меѓународно прифатените стандарди на посакувано и очекувано постапување и однесување од страна на претставниците на граѓаните, ќе воспостави силен систем на само-регулација и ќе ги подигне стандардите на добро управување и демократско владеење.

Менторските сесии, кои можат да бидат одржувани по потреба, исто така придонесуваат за квалитетна и ефикасна примена на нормите содржани во Кодексот.  На овие менторски сесии собраниските служби ги презентираат најчестите ситуации за кои пратениците имале недоумици или им било потребно дополнително појаснување за примена на Кодексот, но претставуваат и одлична прилика поискусните пратеници да го споделат сопственото искуство со новите колеги, при отпочнувањето на мандатот за првпат, како и дадат примери за конкретни морални дилеми со кои се соочиле во минатото.

Покрај сесиите за обука, менторските сасии или кратките информативни сесии, пратениците секогаш ќе можат да ги побараат одговорите на своите прашања и дилеми во ова Упатство кое ќе биде достапно во електронска форма и ќе биде обезбеден лесен пристап од секаков тип на електоронски уред.

Секако ова Упатство, но и Етичкиот кодекс треба да подлежат на редовна ревизија и да се унапредуваат и ажурираат постојано, имајќи ги предвид најдобрите меѓународни практики и стандарди во областа.